Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:17.02.2025 15:23:01
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

Број 34 **17 февруари 2025, понеделник** **година LXXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
825.	**Одлука** за објавување јавен оглас за избор на член на комисијата за спречување и заштита од дискриминација.....	**3**
826.	**Одлука** за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2024 година и на Финансиските извештаи за 2024 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2024 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2024 година.....	**4**
827.	**Одлука** за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2023 година....	**4**
828.	**Одлука** за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје за 2023 година.....	**4**
829.	**Одлука** за одобрување на ревидираната Годишна сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.....	**5**
830.	**Одлука** за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година.....	**5**

Стр.

831. **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година..... **5**

832. **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година..... **6**

833. **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година..... **6**

834. **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година..... **6**

835. **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година..... **6**

836. **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година..... **7**

837. **Одлука** за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година..... **7**

Стр.

838. **Решение** за назначување членови и заменици членови на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија..... **7**

839. **Програма** за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година..... **8**

840. **Решение** за распоредување на осудените лица и децата во казнено – поправните и воспитно - поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено – поправните установи..... **11**

841. **Правилник** за распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица во казнено - поправните установи..... **13**

842. **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт..... **17**

843. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за болничката здравствена заштита за акутни случаи..... **19**

844. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко–консултативна здравствена заштита... **20**

845. **Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко–консултативна здравствена заштита-амбулантски..... **21**

846. **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена заштита..... **23**

847. **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Северна Македонија за месец јануари 2025 година…….. **24**

Огласен дел..... **1-120**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

825.

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 16, 17 и членот 18 ставови (1) и (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 258/20), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 февруари 2025 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

I. Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за избор на еден член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со мандат од пет години.

II. За член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да има стекнато 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование и има минимум седум години работно искуство од областа на човековите права, од кои пет години во областа на еднаквост и недискриминација;

3) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна затвор од над шест месеци или забрана за вршење професија, дејност или должност и

4) да не е носител на функција во политичка партија.

III. Пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точката II. од оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, се поднесуваат до Собранието на Република Северна Македонија. За исполнување на условот од точката II. потточка 4) на оваа одлука кандидатот треба да достави и лична изјава заверена на нотар дека не е носител на функција во политичка партија.

IV. Огласот трае 30 дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

V. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави и во весниците „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха“, на веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на сите јазици на заедниците во Република Северна Македонија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-937/1
13 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
Африм Гаши, с.р.

Në bazë të nenit 68, paragrafi 2 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe neneve 16, 17 dhe nenit 18, paragrafët (1) dhe (2) të Ligjit për Parandalimin dhe Mbrojtjen nga Diskriminimi (*) (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 258/20), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 13 shkurt 2025, miratoi

V E N D I M
PËR SHPALLJEN E KONKURSIT PUBLIK PËR ZGJEDHJEN E ANËTARIT TE KOMISIONIT PËR PARANDALIMIN DHE MBROJTJEN NGA DISKRIMINIMI

I. Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut shpall konkurs publik për zgjedhjen e një anëtari të Komisionit për Parandalimin dhe Mbrojtjen nga Diskriminimi me mandat pesëvjeçar.

ll. Anëtar i Komisionit për Parandalimin dhe Mbrojtjen nga Diskriminimi mund të zgjidhet personi që plotëson kushtet e mëposhtme:

1) të jetë shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut;

2) të ketë fituar 240 kredite sipas nivelit arsimor SETK ose shkallën Vll/1 dhe të ketë minimum shtatë vjet përvojë pune në fushën e të drejtave të njeriut, nga të cilat pesë vjet në fushën e barazisë dhe mosdiskriminimit;

3) në momentin e zgjedhjes me aktgjykim të plotfushiqëm gjyqësor të mos të jetë i dënuar me burg më shumë se gjashtë muaj ose të mos ketë ndalesë për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose detyrës dhe

4) të mos jetë bartës funksioni në parti politike.

III. Fletëparaqitja për pjesëmarrje në këtë konkurs, biografia personale dhe dokumentet e nevojshme për të vërtetuar plotësimin e kushteve nga pika II. e këtij vendimi, në origjinal ose kopje të verifikuar në noter, dorëzohen në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut. Për plotësimin e kushtit të pikës II. nënpikës 4) të këtij vendimi, kandidati duhet të paraqesë edhe deklaratë personale të vërtetuar nga noteri se nuk është bartës funksioni në parti politike.

IV. Konkursi zgjat 30 ditë nga dita e publikimit të tij në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

V. Ky vendim hyn në fuqi ditën e publikimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, ndërkaq do të botohet edhe në gazetat “Sllloboden Peçat”, “Nova Makedonija” dhe “Koha”, në ueb faqen e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe në ueb faqen e Komisionit për Parandalimin dhe Mbrojtjen nga Diskriminimi në të gjitha gjuhët e bashkësive në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Nr. 08-937/1
13 shkurt 2025
Shkup

Kryetari i Kuvendit të Republikës
së Maqedonisë së Veriut,
Afrim Gashi, d.v.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

826.

Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ЗА РЕВИЗИЈА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2024 ГОДИНА И НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2024 ГОДИНА И РЕВИДИРАЊЕ НА КОНСОЛИДИРАНАТА ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2024 ГОДИНА И КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2024 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ СО АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2024 година и на Финансиските извештаи за 2024 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2024 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2024 година, се избира Друштво за ревизија „КРЕСТОН МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје, ул. „Пандил Шишков“ бр.5-1/45 Скопје, врз основа на спроведена постапка за набавка од мала вредност со објавување на оглас бр.18281/2024 за ревизија на Годишната сметка за 2024 година и Финансиските извештаи за 2024 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2024 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2024 година, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда за ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи, бр.05-2704/15 од 20.11.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-865/5
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

827.

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на друштвото, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ „ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ-СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишната сметка и финансиските извештаи за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје за 2023 година, усвоени од Управниот одбор на Друштвото со Одлука бр.0202-254/1, на седницата одржана на 26.2.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1806/2
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

828.

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на друштвото, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ „ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје за 2023 година, усвоен од Управниот одбор на Друштвото со Одлука бр.0202-255/1, на седницата одржана на 26.2.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-806/3
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

829.

Врз основа на член 383 став (1) точка 2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕВИДИРАНАТА ГОДИШНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОД ОД 1.1.2023 ГОДИНА ДО 31.12.2023 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, ревидирани од овластен ревизор, усвоени со Одлука бр.02-1561/2 од 5.3.2024 година на Одборот на директори на Акционерското друштво.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1808/3
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

830.

Врз основа на член 383 став (1) точка 2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година, усвоен со Одлука бр.02-4748/2 од 19 септември 2024 година на Одборот на директори на Акционерското друштво.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1808/4
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

831.

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година и тоа:

- Азем Фејзоски – независен неизвршен член на Одбор на директори за период од 13.6.2023 година до 31.12.2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1808/6
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

832.

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година и тоа:

- Шукри Масурица – неизвршен член на Одбор на директори.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1808/7
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

833.

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година и тоа:

- Силвана Јовческа – независен неизвршен член на Одбор на директори за период од 1.1.2023 година до 13.6.2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1808/8
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

834.

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година и тоа:

- Мухамед Љамалари – неизвршен член на Одбор на директори и претседател на Одбор на директори за период од 1.1.2023 година до 12.9.2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1808/9
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

835.

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година и тоа:

- Митко Белимов –неизвршен член на Одбор на директори за период од 6.6. 2023 година до 31.12. 2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1808/10
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

836.

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година и тоа:

- Зоран Ѓоргијев – извршен член на Одбор на директори.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1808/11
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

837.

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2023 година и тоа:

- Трим Река – неизвршен член на Одбор на директори за период од 12.9.2023 година до 31.12.2023 година и претседател на Одбор на директори за период од 5.10.2023 година до 31.12.2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1808/12
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

838.

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19), а во врска со член 3 став 2 од Одлуката за формирање на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.11/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ 2022-2030 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. За членови и заменици членови на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија 2022-2030 се назначуваат:

а) Кабинетот на министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија:

- Љубица Томиќ - член
- Ајдоган Демири - заменик член

б) Министерство за образование и наука:

- Арабела Илјаз - член
- Мерита Мустафи - заменик член

в) Министерство за транспорт:

- Сузана Камчева - член
- Виолета Стефановска - заменик член

г) Министерство за социјална политика, демографија и млади:

- Елвис Мемети - член
- Нахида Зекирова - заменик член

д) Министерство за односи меѓу заедниците:

- Атула Касум - член
- Џелал Чајани - заменик член

ѓ) Министерство за економија и труд:

- Младен Фрчковски - член
- Оливера Ставрова - заменик член

е) Министерство за локална самоуправа:

- Сузана Најкова - член
- Татијана Јаневска - заменик член

ж) Министерство за внатрешни работи:

- Хамди Демири - член
- Влатко Николовски - заменик член

з) Министерство за финансии:

- Марија Хаџи Василева Белевска - член
- Оливера Марковска - заменик член

ѕ) Министерство за правда:

- Никола Прокопенко - член
- Лазар Тасев - заменик член

и) Министерство за дигитална трансформација:

- Мемет Демир - член
- Бахтијан Абдула - заменик член

ј) Министерство за европски прашања:

- Кристина Брњарчевска - член
- Зулејха Тахири Незири - заменик член

к) Министерство за здравство:

- Нури Љамалари - член
- Фатон Даути - заменик член

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1379/3
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

839.

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАШТИТА НА РАНЛИВИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕНЕРГИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се утврдуваат:

1) потрошувачите кои спаѓаат во категорија на ранливи потрошувачи на енергија;

2) мерките што се преземаат за заштита на ранливите потрошувачи на енергија;

3) начинот на спроведување на мерките и надлежните органи одговорни за нивно спроведување;

4) мерките што ги преземаат операторите на системите за дистрибуција на енергија;

5) мерките што ги преземаат снабдувачите со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија и

6) потребните средства и извори за финансирање.

Член 2

(1) Корисници на оваа програма се потрошувачи на енергија коишто спаѓаат во категоријата на ранливи потрошувачи на енергија.

(2) Ранлив потрошувач е лице или домаќинство:

1. коешто користи гарантирана минимална помош и остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во согласност со член 42 од Законот за социјалната заштита и старите лица согласно член 7 од Законот за социјална сигурност за старите лица;

2. домаќинства со едно или повеќе деца со попреченост, корисници на посебен додаток до 26 години, согласно член 32 од Законот за заштита на децата, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2024 година не го надминувал износот од:

- 42.000, 00 денари за домаќинство со два члена;
- 60.000, 00 денари за домаќинство со три члена и
- 80.000,00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена, не сметајќи го посебниот додаток согласно Законот за заштита на децата.

3. згрижувач кој згрижува едно лице во своето семејство, корисник на надоместок за згрижување согласно член 123 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2024 година не го надминувал износот од:

- 42.000, 00 денари за домаќинство со два члена;
- 60.000, 00 денари за домаќинство со три члена и
- 80.000, 00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена, не сметајќи го надоместокот за згрижување на едно лице.

4. згрижувач кој згрижува две лица во своето семејство, корисник на надоместок за згрижување согласно член 123 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2024 година не го надминувал износот од:

- 80.000, 00 денари за домаќинство со три члена и
- 100.000, 00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена, не сметајќи го надоместокот за згрижување на едно или повеќе лица.

5. згрижувач кој згрижува три лица во своето семејство, корисник на надоместок за згрижување согласно член 123 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2024 година не го надминувал износот од:

- 120.000, 00 денари за домаќинство со четири и повеќе члена, не сметајќи го надоместокот за згрижување на едно или повеќе лица.

6. згрижувач кој згрижува четири лица во своето семејство, корисник на надоместок за згрижување согласно член 123 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2024 година не го надминувал износот од:

- 140.000, 00 денари за домаќинство со пет и повеќе члена, не сметајќи го надоместокот за згрижување на едно или повеќе лица.

7. згрижувач кој згрижува пет лица во своето семејство, корисник на надоместок за згрижување согласно член 123 од Законот за социјалната заштита, чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување на месечно ниво согласно Законот за данокот на личен доход на членовите на домаќинството во 2024 година не го надминувал износот од:

- 160.000, 00 денари за домаќинство со шест и повеќе члена, не сметајќи го надоместокот за згрижување на едно или повеќе лица.

(3) Ранлив потрошувач на електрична енергија од став (2) точка 1 на овој член е лице или домаќинство кое што во 2024 година:

1. било снабдувано од снабдувач со обврска да обезбеди универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија;

2. потрошувачката на електрична енергија на годишно ниво не надминала 3600 kWh и

3. потрошувачката на електрична енергија се мери преку еднофазно броило со номинална струја на осигурувач или на приклучен вод од 25А или трофазно броило со номинална струја на осигурувач или на приклучен вод од 16А.

(4) Ранлив потрошувач на природен гас од став (2) точка 1 на овој член е лице или домаќинство кое што во 2024 година:

1. било снабдувано од снабдувач со обврска да обезбеди јавна услуга во снабдувањето со природен гас и

2. потрошувачката на природен гас за месеците од октомври до март на годишно ниво не надминала 2251 kWh.

(5) Ранлив потрошувач на топлинска енергија е лице или домаќинство кое што ги исполнува условите од став (2) точка 1 на овој член.

Член 3

Директната финансиска поддршка во 2025 година се обезбедува за оние ранливи потрошувачи на енергија од член 2 став (2) точка 1 од оваа програма коишто остваруваат паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството согласно член 42 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 7 од Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19).

Член 4

(1) Ранливите потрошувачи на енергија од член 2 став (2) точки 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа програма, се стекнуваат со финансиска поддршка преку намалување на месечната сметка за потрошена електрична енергија во износ од 1000,00 денари месечно, сметано од денот на поднесување на барањето од член 5 од оваа програма. Намалувањето на месечната сметка за потрошена електрична енергија го врши универзалниот снабдувач врз основа на добиени податоци од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во понатамошниот текст: Министерството).

(2) Доделувањето на финансиска поддршка од ставот (1) на овој член го врши Министерството преку селекција на пристигнатите барања од ранливите потрошувачи за секоја од категориите наведени во член 2 став (2) точки 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа програма, се до исцрпување на предвидените средства со оваа програма.

(3) Финансиската поддршка од овој член се доделува на месечно ниво по корисник во времетраење од 12 месеци.

Член 5

(1) Реализацијата на финансиската поддршка од член 4 од оваа програма ќе се одвива на следниот начин:

- Министерството во месец февруари 2025 година ќе распише јавен оглас на веб-страницата на Министерството: www.energy.gov.mk и во два дневни весници со времетраење од 30 дена;
- барањето за искористување на финансиска поддршка се доставува на пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството или да се обезбеди преку веб-страницата на Министерството: www.energy.gov.mk и
- со барањето за искористување на финансиската поддршка се доставува и потребната документација наведена во јавниот оглас од алинеја 1 на овој став со која се докажува и исполнетоста на условите за финансиска поддршка од оваа програма.

(2) За спроведување на активностите за реализација на финансиската поддршка од член 4 од оваа програма, министерот за енергетика, рударство и минерални суровини (во понатамошниот текст: министерот) формира две комисии и тоа една комисија за категориите на ранливи потрошувачи од член 2 став (2) точка 2 од оваа програма и една комисија за категориите на ранливи потрошувачи од член 2 став (2) точки 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа програма составени од по три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството.

(3) Комисиите од ставот (2) на овој член ги разгледуваат пристигнатите барања поднесени заклучно со последниот ден наведен во јавниот оглас, заедно со потребната документација и го утврдуваат точниот број на пристигнати уредни и комплетни барања. Согласно Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност и Законот за заштита на личните податоци (*), комисиите ќе побараат од Министерството за социјална политика, демографија и млади податоци дали одделни подносители на барањето се домаќинства со едно или повеќе деца со попреченост корисници на посебен додаток согласно Законот за заштита на децата или згрижувач кој згрижува лице или лица во своето семејство согласно Законот за социјалната заштита.

(4) Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација, не може да стекнат финансиска поддршка.

(5) Комисиите од ставот (2) на овој член за лицата кои имаат поднесено уредна и комплетна документација, му предлагаат на министерот да донесе решение за стекнување финансиска поддршка. Списокот со лица кои се стекнале со финансиска поддршка согласно оваа програма, се објавува на веб-страницата на Министерството.

(6) Министерството, податоците од решенијата во електронска форма ги доставува до универзалниот снабдувач со електрична енергија на месечна основа за сите корисници на финансиска поддршка и врши исплата за сите корисници на финансиска поддршка од членот 4 од оваа програма кон универзалниот снабдувач.

(7) Универзалниот снабдувач од став (6) на овој член сметано од денот на објавувањето на јавниот оглас, најдоцна до 15-ти во тековниот месец за претходниот пресметковен период до Министерството доставува извештај за корисниците на финансиската поддршка со вклучени податоци од фактурите за потрошена електрична енергија во кои е засметана и финансиската поддршка за лицата кои се стекнале со финансиска подршка од оваа програма, како и информација за неплатените сметки на тие лица за претходните два месеца.

(8) Министерството и универзалниот снабдувач од став (6) на овој член меѓусебно соработуваат согласно склучен протокол за соработка, со кој подетално се уредува начинот на нивната соработка при спроведувањето на оваа програма.

(9) Корисникот на финансиската поддршка сметката за потрошена електрична енергија за претходниот месец ја плаќа во тековниот месец за преостанатиот дел од износот на сметката.

(10) Доколку корисникот на финансиска поддршка не плати последователно две сметки за потрошена електрична енергија, на предлог на Комисиите од став (2) на овој член, министерот донесува решение со кое се укинува решението за стекнување на финансиска поддршка и за истото се известува универзалниот снабдувач од став (6) на овој член.

Член 6

(1) Заради обезбедување на непрекината и квалитетна испорака на енергија до ранливите потрошувачи на енергија од член 2 став (2) точка 1 од оваа програма, од страна на операторот на системот за дистрибуција на енергија, во согласност со правилата за снабдување со соодветен вид на енергија и мрежните правила на дистрибуција на соодветен вид на енергија се преземаат следните мерки:

1. ослободување од обврска за плаќање на надоместок за повторно приклучување;

2. ослободување од обврска за плаќање на трошоци за вонредна верификација на мерната опрема;

3. изведбата на стандарден приклучок за приклучување на станбениот објект на ранливиот потрошувач без надоместок;

4. приоритет при отстранување на дефекти со цел што е можно побрзо да се воспостави испораката на енергија кај оние ранливи потрошувачи на енергија кои го добиле статусот на ранлив потрошувач на енергија поради социјален ризик;

5. приоритет во одлучувањето по барањата за надоместок на штета поради прекини во испораката и испорака на енергија со послаб квалитет од пропишаниот;

6. приоритет во преземање на мерки за поправки и отстранување на недостатоци, отстранување на дефекти и вршење на ремонти со кои се доведуваат во технички исправна состојба делови од дистрибутивниот систем на кој се приклучени потрошувачите во оддалечени подрачја и

7. информирање на ранливите потрошувачи за нивното право да побараат користење на една или повеќе од мерките за заштита.

(2) Кон барањето за користење на една од мерките од став (1) на овој член ранливиот потрошувач на енергија до операторот на соодветниот дистрибутивен систем доставува потврда или решение издадено од Центарот за социјални работи дека е корисник на парично право на гарантирана минимална помош или социјална сигурност за старите лица.

Член 7

(1) Заради обезбедување на снабдување со енергија на ранливите потрошувачи од член 2 став (2) точка 1 од оваа програма од страна на снабдувачот со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија, во согласност со правилата за снабдување со соодветен вид на енергија се преземаат следните мерки:

1. неисклучување на ранлив потрошувач поради неплатени сметки за испорачана енергија во месеците декември, јануари и февруари, при што оваа мерка не се однесува на ранлив потрошувач во оддалечени подрачја запишани во евиденцијата за ранливи потрошувачи на енергија;

2. неисклучување на ранлив потрошувач на енергија поради неплатена сметка за испорачана енергија ако од рокот за доспеаност за плаќање на сметката не се поминати повеќе од 60 дена;

3. известување во писмена форма за планираното исклучување, најдоцна 40 дена пред исклучувањето;

4. можност за одложено плаќање на доспеаниот долг или реструктуирање на долгот и

5. информирање на ранливите потрошувачи на енергија за нивното право да побараат користење на една или повеќе од мерките за заштита.

(2) За користење на една од мерките од став (1) на овој член, ранливиот потрошувач на енергија доставува барање до снабдувачот. Кон барањето се доставува:

1. потврда или решение дека ранливиот потрошувач користи парично право на гарантирана минимална помош или социјална сигурност за старите лица и

2. платена сметка за енергија за месецот што му претходи на месецот во кој се доставува барањето која гласи на име на ранливиот потрошувач, од којашто може да се утврди дека барателот е приклучен на мрежата за дистрибуција на електрична енергија, природен гас или топлинска енергија.

Член 8

Надлежни органи за спроведување на оваа програма се:

- Министерството за социјална политика, демографија и млади за мерките од член 3 од оваа програма согласно Законот за социјалната заштита;

- Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за мерките од член 4 од оваа програма и

- Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за мерките од членовите 6 и 7 од оваа програма согласно Правилата за снабдување со соодветниот тип на енергија.

Член 9

(1) За спроведување на оваа програма, дел од средствата во износ од 60.000.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 10101-Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Потпрограма 32–Развој на енергетиката, Ставка 464–Разни трансфери, наменети за финансиска поддршка на ранливи потрошувачи на енергија.

(2) Дел од планираните средства се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 15001 Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 50-Надоместоци за социјална заштита, Ставка 471-Социјални надоместоци во Програмата за остварување на социјална заштита за 2025 година, кои се планирани за остварување на социјални надоместоци-гарантирана минимална помош и парична помош за социјална сигурност за старите лица.

Член 10

Министерството до 31 јануари 2026 година, доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија со показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложение за евентуални отстапувања од планираните активности.

Член 11

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1471/4
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

840.

Врз основа на член 34 став (7) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), министерот за правда донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА И ДЕЦАТА ВО КАЗНЕНО – ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ, КАКО И НА ПРИТВОРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ПРИТВОРСКИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА НА КАЗНЕНО – ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Со ова решение се врши распоредување на осудените лица и децата во казнено – поправните и воспитно - поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено – поправните установи упатени од страна на надлежниот суд.

I.

1. Во казнено – поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес се упатуваат:

1.1. Казнено – поправен дом Идризово

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор над три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над три години од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија,Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово;

б) машки лица – пенолошки повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор над една година, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над една година од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово;

в) женски лица - осудени со правосилна пресуда на казна затвор и казна доживотен затвор, како и деца од женски пол осудени на казна затвор. Овие лица казната ја издржуваат во одделението за женски лица;

г) женски лица странски државјани и женски лица без државјанство;

д) машки лица осудени на казна доживотен затвор од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово и

ѓ) машки лица странски државјани и лица без државјанство осудени со правосилна пресуда на казна затвор над три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над три години од Основниот кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово.

1.2 Отворено одделение во Велес

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години од подрачјето на Основниот суд Велес и

Në vendimin për përcaktimin e çmimeve të referencës për paketat e episodeve të trajtimit të përfunduar për kujdesin shëndetësor specialist konsultativ – ambulancor (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë numër 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 181/2011, 138/2012, 88/2013, 10/2014, 47/2014, 98/2014, 138/2014, 156/2014, 17/2015, 42/2015, 107/2016, 61/2017, 190/2017, 106/2018, 129/2018, 203/2018 dhe 20/2019 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut numër 70/2019, 130/2019, 144/2020, 226/2020, 47/2021, 110/2021, 283/2021, 95/2022, 5/2024, 98/2024 dhe 223/2024), në nenin 2, ne tabelën me nëntitull DERMATOLOGJIA, pas shërbimit me shifër ADM23 – Kompresim Pneumatik Intermitent (drenazhe limfatike), shtohet tabela në vijim:

Shifra	Lloji i shërbimit shëndetësor	Propozimçmimi i referencës
ADM24	Mapim digjital i nevuseve në tërë trupin FotoFinder	3.100
ADM25	Skleroterapi injektimi i venave varikoze	3.310
ADM26	Trajtim laserik i Rhinopyma gradus 3	2.480
ADM27	Trajtim laserik i ndryshimeve refrakteriale dhe virusale tek fëmijët	2.380
ADM28	Trajtim laserik i ektazioneve sekondare vaskulare kutane (një regji anatomike)	2.280

Në tabelën me nëntitull DËGJIMI, TË FOLURIT, ZËRI, pas shërbimit ASGM26 – Trajtim rehabilitimi individual logopedik-surdologjik për 5 deri 10 ditë, shtohet tabela në vijim:

Shifra	Lloji i shërbimit shëndetësor	Propozimçmimi i referencës
ASGM27	Diagnostikë e zgjeruar e personave me pengesa në komunikimin verbal me EEG maping neurofidbek	5.630
ASGM28	Diagnostikë e zgjeruar logopedik ose surdologjik me EEG kuantitative – Metodë neurofidbek – Maping	2.800
ASGM29	Trajtim i zgjeruar rehabilitimi i personave me disfunksione senzorike me EEG neurofidbek – metodë biofidbek 5-10 ditë	11.560
ASGM30	Trajtim i zgjeruar rehabilitimi i personave me disfunksione senzorike me EEG neurofidbek – metodë biofidbek 10-14 ditë	16.760
ASGM31	Trajtim i zgjeruar rehabilitimi me disfunksione senzorike me EEG neurofidbek – metodë biofidbek 15-20 ditë	23.100

Në tabelën me nëntitull PAKETAT E SHËRBIMEVE SHËNDETËSORE PËR KIRURGJI DIGJESTIVE, pas shërbimit DIH10-Paketa shtesë për procedurën HIPEC, shtohet tabela në vijim:

Shifra	Lloji i shërbimit shëndetësor	Propozimçmimi i referencës
DIH11	Aplikimi i klizmës parafine	1.400
DIH12	Aplikimi dhe ndryshimi i sondës nazogastrike	930

Neni 2

Ky vendim hyn në fuqi ditën e tetë pas publikimit të tij në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, dhe do të publikohet pas marrjes së pëlqimit të ministrit të Shëndetësisë.

Nr. 02-2190/9
3.2.2025
Shkup

Bordi Drejtues
Kryetari,
Dr. **Besnik Hamiti,** d.v.

846.

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со членот 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021,60/2023, 154/2023 и 209/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 31 јануари 2025 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена заштита („Службен весник на РМ“ бр. 42/2012, 176/2013, 47/2014, 7/2016, 122/2016, 14/2018, 129/2018, 160/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 188/2020 и 251/2024), во членот 8 став 1 бројот „1800“ се заменува со бројот „2100“.

Член 2

Во членот 10 во став 2 и став 3 бројот „1800“ се заменува со бројот „2100“.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2190/6
3 февруари 2025 година
Скопје

Управен одбор
Претседател
д-р **Бесник Хамити,** с.р.

Në pajtim me nenin 56, paragrafi 1, pika 3, në lidhje me nenin 69 të Ligjit të Sigurimit Shëndetësor (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 dhe 171/2017 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023 dhe 209/2023), Bordi Drejtues i Fondit të Sigurimit Shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur me datë 31.1.2025, miratoi

RR E G U LL O R E
PËR NDRYSHIMIN E RREGULLORES PËR MËNYRËN E PAGESËS SË SHËRBIMEVE SHËNDETËSORE NË KUJDESIN SHËNDETËSOR PRIMAR

Neni 1

Në Rregulloren për ndryshimin e pagesës së shërbimeve shëndetësore në kujdesin shëndetësor primar (Gazeta Zyrtare e RM-së nr. 42/2012, 176/2013, 47/2014, 7/2016, 122/2016, 14/2018, 129/2018, 160/2018 dhe Gazeta Zyrtare e RMV-së nr. 188/2020 dhe 251/2024), në nenin 8, paragrafi 1, numri “1800” zëvendësohet me numrin “2100”:

Neni 2

Në nenin 10, në paragrafin 2 dhe paragrafin 3, numri “1800” zëvendësohet me numrin “2100”.

Neni 3

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e publikimit të saj në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, ndërkaq do të publikohet pas marrjes së pëlqimit të ministrit të Shëndetësisë.

Nr. 02-2190/6
3.2.2025
Shkup

Bordi Drejtues
Kryetari,
Dr. **Besnik Hamiti,** d.v.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

847.

Врз основа на член 44 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

О Б Ј А В А
ЗА ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА

Индексот на цените на мало во Република Северна Македонија во периодот јануари – декември 2024 година и јануари 2025 година, во однос на просечните цени на мало во 2023 година, изнесува 3.9 %.

Директор,
д-р **Дејан Станков**, с. р.

Në bazë të nenit 44 paragrafi 1 nga Ligji për statistikat shtetërore („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 dhe „Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 31/20), Enti shtetëror i statistikës e përcakton dhe e publikon atë

L Ë V I Z J A
E INDEKSIT TË ÇMIMEVE ME PAKICË NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SË VERIUT PËR MUAJIN JANAR 2025

Indeksi i çmimeve me pakicë në Republikën e Maqedonisë së Veriut në periudhën janar – dhjetor 2024, dhe janar 2025, krahasuar me çmimet mesatare të shitjes me pakicë në vitin 2023, është 3.9 %.

Drejtor,
Dr. **Дејан Станков**, d.v.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29, поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2025 година изнесува 16.650 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница Серафимовски ДОО Скопје.
ISSN 0354-1622

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 34 **17 февруари 2025, понеделник** **година LXXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

О Г Л А С И

СОДРЖИНА

	Стр.
Судски огласи	1
Стечајни постапки	2
Нотарски огласи	5
Јавни објави на извршители	19
Огласи	19
Јавни набавки	24

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Основниот граѓански суд во Скопје во тек е парнична постапка по тужбата на тужителот АДО Евроинс, против туженият Стефан Бојковски од с. Лозово, за регресен долг, со вредност 34.417 денари.

Судот со Решение 2 МАЛВП бр. 1649/24 од 27.1.2025 година, судот на туженият Стефан Бојковски од с. Лозово, му поставува привремен застапник, Игор Крстевски, адвокат од Скопје, кој ќе ги застапува интересите на туженият до правосилното завршување на постапката.

Се повикува туженият Стефан Бојковски од с. Лозово, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, да се јави во судот лично или преку полномошник за да ја преземе постапката, бидејќи во спротивно таа ќе продолжи преку поставениот привремен застапник.

Од Основен граѓански суд Скопје, 2 МАЛВП бр. 1649/24. (7662)

Пред Основниот граѓански суд Скопје е поднесена тужбата од тужителот Тихомир Лазаревски од Скопје ул. „7“ бр. 18-А, Д. Лисиче, против туженият Марио Јордановски од Скопје, бул. „Јане Сандански“ бр. 25/1-17, сега со непозната адреса на живеалиште и престојувалиште, за надомест на нематеријална и материјана штета, со вредност на спорот 120.000 денари.

Судот утврди дека се исполнети условите согласно со член 76 од ЗПП, да му се одреди на туженият Марио Јордановски од Скопје, бул. „Јане Сандански“ бр. 25/1-17, привремен застапник, бидејќи престојувалиштето на туженият е непознато, а туженият нема полномошник во постапката.

За привремен застапник на туженият Марио Јордановски, кој ќе го застапува туженият во постапката, сè додека туженият или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно сè додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека му назначил старател, со Решение на овој суд 21 МАЛВП бр, 192/24 од ден 25.12.2024 година, е назначена адвокатот Цветанка Серафимовска од Скопје, ул. „Емил Зола“ бр. 6, лок. 8.

Од Основен граѓански суд Скопје, Оддел за имотни спорови и спорови од мала вредност, 21 МАЛВП бр. 192/24. (7677)

ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР

Основниот суд во Гостивар постапувајќи по тужбата на тужителот Кабил Рамадани од Гостивар ул. „Никола Парапунов“ бр. 236, против туженият Агим Рамадани од Гостивар ул. „Никола Парапунов“ бр. 236, сега со непозната адреса на живеење во Р Германија, со основ утврдување граѓанска одговорност за клевата и надомест на штета со вредност 90.000 денари, на ден 20.1.2025 година, донесе Решение со кое на туженият Агим Рамадани од Гостивар ул. „Никола Парапунов“ бр. 236, сега со непозната адреса на живеење во Р Германија му назначи привремен застапник, адвокатот Бесим Реџепи од Гостивар, кој ќе ги има сите права на законски застапник во оваа постапка и ќе ги врши сè додека туженият или неговиот полномошник не се јават пред судот, односно сè додека Центарот за социјална работа во Гостивар не го извести судот дека му поставил старател.

Од Основниот суд – Гостивар, П5. бр. 3/24. (7775)

ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП

Пред Основниот суд во Прилеп е заведен спор МАЛВП 352/24, по тужбата на тужителот ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, поднесена против туженият Ристе Младеновски од с. Витолиште, а сега со непозната адреса на живеалиште во Канада, со правен основ надомест на штета, со вредност 1.941 денар.

Се повикува туженият Ристе Младеновски од с. Витолиште, а сега со непозната адреса на живеалиште во Канада, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави лично во Основниот суд во Прилеп, со цел да ја достави својата точна адреса на живеалиште и престојувалиште каде што може да биде пронајден и да му се изврши лична достава на судската писмена или да назначи полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во текот на постапката.

Доколку во определениот рок, туженият не се јави или не достави точна адреса на живеалиште каде што може да се пронајде или не определи свој полномошник, неговите права и интереси ќе бидат заштитени со поставување на привремен застапник преку ЈУ МЦСР Прилеп до правосилното завршување на спорот.

Од Основен суд – Прилеп, МАЛВП 352/24. (7681)

_____

Пред Основниот суд во Прилеп е заведен спор МАЛВП 319/23, по тужбата на тужителот Стефан Стојаноски од Крушево, застапуван од полномошникот Гоко Гажоски, адвокат од Скопје, поднесена против туженият Пеце Велески од Прилеп, сега со непозната адреса во Англија, со правен основ долг, со вредност 22.000 денари.

Се повикува туженият Пеце Велески, сега со непозната адреса во Англија, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави лично во Основниот суд во Прилеп, со цел да ја достави својата точна адреса на живеалиште и престојувалиште каде што може да биде пронајден и да му се изврши лична достава на судската писмена или да назначи полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во текот на постапката.

Доколку во определениот рок, туженият не се јави или не достави точна адреса на живеалиште каде што може да се пронајде или не определи свој полномошник, неговите права и интереси ќе бидат заштитени со поставување на привремен застапник преку ЈУ МЦСР Прилеп до правосилното завршување на спорот.

Од Основен суд – Прилеп, МАЛВП 319/23. (7682)

_____

Пред Основниот суд во Прилеп е заведен спор по тужбата на тужителот Дарко Милошески од Македонски Брод, застапуван од полномошникот Марјан Николоски, адвокат од Прилеп, против туженият Харум Бајрамович од с. Лажани, со непозната адреса на живеење во Р Германија, со правен основ утврдување долг, со вредност на спорот 118.695 денари.

Се повикува туженият Харум Бајрамович од с. Лажани, со непозната адреса на живеење во Р Германија, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во Основниот суд во Прилеп, да ја достави својата адреса на живеење и престојување или да назначи полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во текот на постапката.

Доколку во определениот рок, не се јави или не определи свој полномошник, неговите права и интереси ќе бидат заштитени со поставување на привремен застапник преку ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Прилеп до правосилното завршување на спорот.

Од Основен суд – Прилеп, МАЛВП 417/24. (7770)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово во тек е парнична постапка по тужбата на тужителот Емин Емурли од с. Палатица, против тужената Ирина Христева од Пловдив, Р Бугарија, сега со непозната адреса, со основ долг.

Се повикува тужената Ирина Христева од Пловдив, Р Бугарија, сега со непозната адреса, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да се јави во судот и да достави своја точна сегашна адреса или да определи свој полномошник кој ќе ја застапува во постапката.

Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа ќе ѝ определи времен старател кој ќе ја застапува до правосилното завршување на постапката.

Од Основен суд – Тетово, П2-38/25. (7771)

_____

Пред Основниот суд во Тетово во тек е парнична постапка по тужбата на тужителот Валидин Билали од с. Боговиње, против туженият Нагип Селмани од с. Милетино, сега со непозната адреса, со основ долг.

Се повикува туженият Нагип Селмани од с. Милетино, сега со непозната адреса, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да се јави во судот и да достави своја точна сегашна адреса или да определи свој полномошник кој ќе го застапува во постапката.

Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа ќе му определи времен старател кој ќе го застапува до правосилното завршување на постапката.

Од Основен суд – Тетово, П4-167/24. (7772)

_____

Пред Основниот суд во Тетово во тек е парнична постапка по тужбата на Далип Бафти од Тетово, ул. „180“ бр. 50, против тужената Татиана Стоичева од Пловдив, Р Бугарија, со основ развод на брак.

Се повикува тужената Татиана Стоичева од Пловдив, Р Бугарија, сега со непозната адреса, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да се јави во судот и да достави своја точна сегашна адреса или да определи свој полномошник кој ќе ја застапува во постапката.

Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа ќе ѝ определи времен старател кој ќе ја застапува до правосилното завршување на постапката.

Од Основен суд – Тетово, П2-607/24. (7773)

_____

Пред Основниот суд Тетово во тек е парнична постапка по тужбата на тужителот Зурап Зилбеари од с. Д. Палчиште, против туженият Усни Идризи Зибери од с. Урвич, сега со непозната адреса, со основ сопственост.

Се повикува туженият Усни Идриз Зибери од с. Урвич, сега со непозната адреса, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас се јави во судот и да достави своја точна сегашна адреса или да определи свој полномошник кој ќе го застапува во постапката.

Во спротивно, судот преку Центарот за социјална работа ќе му определи времен старател кој ќе го застапува до правосилното завршување на постапката.

Од Основен суд – Тетово, П1-634/24. (7774)

СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Артан Лимани, вон рочиште, со Решение IV. Ст. 191/16 од 11.2.2025 година, го објави следниот оглас:

Се закажува Собрание на доверителите на стечајниот должник АУДИО ЦЕНТАР за трговија на мало ТП Душан Боце Димитриоски Скопје, во стечај, за ден 4.3.2025 година, во 11:15 часот, судница 6, на 1 кат, со точка на

ДНЕВЕН РЕД

- Потврдување на план за конечна распределба и
- Одобрување на Завршен извештај и Завршна сметка, а согласно со чл. 197 од Законот за стечај.

Огласот да се објави во „Службен весник на РСМ“, во еден дневен весник и на огласната табла на судот.

Од Основен граѓански суд Скопје. (7286)

Основниот суд во Прилеп преку стечајниот судија Јасмина Шишковска Стојковиќ, со Решение Ст. бр. 12/25 од 7.2.2025 година, поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над Трговец поединец за трговија, производство и услуги АДРИ АРТ Андријана Никола Најдоска ТП Прилеп, со даночен број 5021019506369 и ЕМБС 7394527, со седиште на ул. „Јане Сандански“ бр. 36 Прилеп, запишано во Централниот регистер на 1.11.2019 година.

Претежна дејност 47.19 – Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници.

Се закажува рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка за ден 3.3.2025 година во 8:50 часот во Основен суд во Прилеп, судница бр. 15 за кога се повикува застапникот на должникот, привремениот стечаен управник.

Со тоа Решение судот одреди привремен стечаен управник од листата на овластени стечајни управници лицето Емилија Котеска, специалист по економија – финансиски менаџмент и овластен стечаен управник од Прилеп – регистриран како ТП Емили стечај Емилија Илија Котеска, Прилеп.

Централен регистар да го објави ова Решение преку интернет на својата веб-страница.

Од Основниот суд – Прилеп. (7683)

_____

Основниот суд во Прилеп преку стечајниот судија Јасмина Шишковска Стојковиќ, со Решение Ст. бр. 14/25 од 10.2.2025 година, поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за трговија, транспорт и услуги КИКО ТРАНСПОРТ 2022 увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, седиште на ул. „Боца Ивановска“ бр. 32 Прилеп запишано во Решение на Централен регистар на РСМ со ЕМБС 7638477 со ЕДБ 4021022545967 претежна дејност 49.39 – Друг патнички копнен транспорт, неспомнат на друго место.

Се закажува рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка за ден 28.2.2025 година во 8:45 часот во Основен суд во Прилеп, судница бр. 15 за кога се повикува застапникот на должникот, привремениот стечаен управник.

Со тоа Решение судот одреди привремен стечаен управник од листата на овластени стечајни управници лицето Делфина Зајкоска дипломиран економист, лиценциран и овластен стечаен управник од Прилеп – регистриран како Трговец поединец овластен стечаен управник Делфина Алекса Зајкоска Делфина Зајкоска ТП Прилеп.

Централен регистар да го објави ова Решение преку интернет на својата веб-страница.

Од Основниот суд – Прилеп. (7684)

_____

Основниот суд во Струмица, со Решение Ст. бр. 3/25 од 15.1.2025 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство, услуги и трговија увоз-извоз ДИОНИС 24/7 ОМЕГА ДООЕЛ Радовиш, со седиште ул. „22 Октомври“ бр. 57, Радовиш, со ЕДБ 4023012505706, ЕМБС 6805361.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се именува Анка Кончалиева од Струмица на ул. „Братство единство“ бр. 36/1-2, тел. 078/214-241.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот, забрана за оптоварување-ставање под хипотека на недвижниот имот и ставање во залог на подвижниот имот во сопственост на должникот.

Привремениот стечаен управник е должен:

- да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства,
- да дава согласност на органите на управување на должникот, за водење на работењето сè до донесување на одлуката за отворање стечајна постапка, со цел да се избегне значително намалување на имотот и
- да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапката и побарувањето на доверителите.

Рочиште за испитување на услови за отворање стечајна постапка на должникот се закажува за ден 11.2.2025 година во 9:30 часот.

Против ова Решение не е дозволена жалба.

Од Основен суд – Струмица. (7685)

_____

Основниот суд во Струмица, со Решение Ст. бр. 60/24 од 23.1.2025 година, со предлог на предлагачот Друштво за производство, трговија и услуги АЛАГОЗ ТРЕЈД ДООЕЛ Струмица, се усвојува.

Се отвора стечајна постапка на должникот Друштво за производство, трговија и услуги АЛАГОЗ ТРЕЈД ДООЕЛ Струмица, основан на ден 8.3.2017 година, со седиште на ул. „Борис Поп Димитров“ бр. 36-17, Струмица, Струмица, со ЕДБ 4027017526235, ЕМБС 7187394, со трансакциска сметка број 500000001117079 што се води во Стопанска банка АД Битола, со главна дејност 47.11 – Трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалаци и тутун.

Отворената стечајна постапка на должникот, не се спроведува и се заклучува.

Доверителите можат со жалба да го напаѓаат горенаведеното решени во рок од 8 (осум) дена од денот на објавата на истото, преку Основниот суд Струмица до Апелационен суд Штип.

Од Основен суд – Струмица. (7686)

_____

Основниот суд во Струмица, со Решение Ст. бр. 62/24 од 30.1.2025 година, со предлог на предлагачот Друштво за производство, услуги и трговија ИСТРА – ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз с. Муртино, Струмица, се усвојува.

Се отвора стечајна постапка на должникот Друштво за производство, услуги и трговија ИСТРА – ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз с. Муртино, Струмица, со седиште населено место без уличен систем бр. 418, Муртино, Струмица, со ЕДБ 4027008506337, ЕМБС 6424422, основано на ден 7.11.2008 година, со трансакциска сметка бр. 270064244220140 во Халк банка АД Скопје и трансакциска сметка број 290200016535631 во ТТК банка АД Скопје, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 47.11 – Трговија на мало во неспецијализирана продавници претежно со храна, пијалаци и тутун.

Отворена стечајна постапка на должникот, не се спроведува и се заклучува.

Доверителите можат со жалба да го напаѓаат горенаведеното решени во рок од 8 дена од денот на објавата, преку Основниот суд Струмица до Апелационен суд Штип.

Од Основен суд – Струмица. (7687)

_____

Основниот суд во Струмица, со Решение Ст. бр. 63/24 од 23.1.2025 година, со предлог на предлагачот се отвора стечајна постапка на должникот Друштво за сточарство и производство на месни и млечни производи ДУО ЦАЦКО ДООЕЛ Ново Село, со седиште ул.

„Ѓорче Петров“ бр. 11, Ново Село, основано на 6.5.2015 година, со ЕДБ 4067015501210, ЕМБС 7036930, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 01.45 – Одгледување на овци и кози, со трансакциска сметка бр. 210070369300168 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

Отворена стечајна постапка над должникот, не се спроведува и се заклучува.

Доверителите можат со жалба да го напаѓаат горенаведеното решени во рок од 8 дена од денот на објавата на истото, преку Основниот суд Струмица до Апелационен суд Штип.

Од Основен суд – Струмица. (7688)

_____

Основниот суд во Струмица објавува дека со Решение Ст. бр. 19/24 од 15.1.2025 година, се закажува Собрание на доверители на должникот Друштво за производство и промет на конфекциски производи ТЕВОКС-КОМ ДООЕЛ Струмица, во стечај, со следниот

ДНЕВЕН РЕД

- Донесување одлука дали имотот предмет на продажбата ќе се продаде за понудената цена постигната на аукциската продажба, одржана на ден 10.1.2025 година, за што во стечајното досие на должникот од страна на стечајниот управник е доставен поднесок од 13.1.2025 година, во прилог, на истиот и докази.

Собранието на доверители ќе се одржи на ден 5.2.2025 година во 10:30 часот, судница број 13 во Основен суд Струмица.

Од Основен суд – Струмица. (7689)

_____

Основниот суд во Прилеп со стечајниот судија Јасмина Шишковска Стојковиќ, по спроведената претходна постапка и одржаното рочиште во присуство на привремениот стечаен управник Емилија Котеска, со Решение Ст. бр. 2/2025 од 31.1.2025 година, отвори стечајна постапка спрема Друштво за производство, трговија и услуги МАЈМАР ТРЕЈД ДООЕЛ Прилеп, со ЕМБС 7231334 и ЕДБ 4021017533853, со седиште на ул. „Панде Чесноска“ бр. 15, Прилеп, запишано во Централниот регистар на 18.9.2017 година, претежна дејност 46.75 – Трговија на големо со хемиски производи.

Стечајната постапка спрема должникот не се спроведува и се заклучува.

Од Основен суд – Прилеп. (7690)

_____

Основниот суд во Прилеп со стечајниот судија Јасмина Шишковска Стојковиќ, по спроведената претходна постапка и одржаното рочиште во присуство на привремениот стечаен управник Емилија Котеска, со Решение Ст. бр. 1/2025 од 31.1.2025 година, отвори стечајна постапка спрема Друштво за земјоделство, сточарство, производство, услуги и трговија на големо и мало АГРО-ВИКТОР ДООЕЛ увоз-извоз с. Воѓани, Кривогаштани со ЕМБС 6296327 и ЕДБ 4021007501139, со седиште Населено место без уличен систем с. Воѓани, Кривогаштани, запишано во Централниот регистар на 21.11.2007 година, претежна дејност 01.50 – Мешовито фармерство, со жиро-сметка број 200001686294164 депонент на Стопанска банка АД Скопје и жиро-сметка број 290200000753828 депонент на ТТК банка АД Скопје.

Стечајната постапка према должникот не се спроведува и се заклучува.

Од Основен суд – Прилеп. (7691)

Основниот суд во Охрид, со Решение Ст. бр. 64/24 од 5.11.2024 година, отвори стечајна постапка над должникот Приватна здравствена установа – Аптека „ВЕМИС-ФАРМ“ Охрид, регистриран на ден 1.8.2001 година, со седиште на ул. „Стив Наумов“ број 38, со ЕМБС 5534631, ЕДБ 4020001127913 и жиро-сметка број 200001741157267, која се води во Стопанска банка АД Скопје, и одлучи истата да не се спроведува и да се заклучи, поради немање имот на должникот.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централен регистар на Република Северна Македонија, во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на огласната табла на судот.

По правосилноста на решението, должникот да се брише од Централен регистар на Република Северна Македонија – Скопје.

Од Основен суд – Охрид. (7757)

_____

Основниот суд во Охрид, со Решение Ст. бр. 86/24 од 17.12.2024 година, отвори стечајна постапка над должникот Друштво за угостителство, трговија и услуги БРАДЕРС МИЛ ДООЕЛ увоз-извоз Охрид, регистриран на ден 16.5.2024 година, со седиште на кеј „Маршал Тито“ бр. 82, со ЕМБС 7761791, ЕДБ 4020024551160, жиро-сметка број 270077617910161 која се води во Халк банка АД Скопје и шифра на дејност 56.10 и таа не се спроведува и се заклучува, поради немање имот на должникот.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централен регистар на Република Северна Македонија, во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на огласната табла на судот.

По правосилноста на решението должникот да се брише од Централен регистар на Република Северна Македонија Скопје.

Од Основен суд – Охрид. (7758)

_____

Основниот суд во Прилеп, преку стечајниот судија Јасмина Шишковска Стојковиќ со Решение Ст. бр. 13/25 од 7.2.2025 година, поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над Друштво за производство, трговија и услуги ГРАДИНА МОЈА увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, со даночен број 4021021542115 и ЕМБС 7502800, со седиште на ул. „11-ти Октомври“ бр. 8, Прилеп, запишано во Централниот регистар на 27.4.2021 година.

Претежна дејност 47.29 – Друга трговија на мало со храна во специјализирани продавници.

Се закажува рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка за ден 3.3.2025 година во 8:45 часот во Основен суд Прилеп, судница бр. 15, за кога се повикува застапникот на должникот, проценителит и привремениот стечаен управник.

Со тоа Решение судот одреди привремен стечаен управник од листата на овластени стечајни управници лицето Емилја Котеска, специјалист по економија-финансиски менаџмент и овластен стечаен управник од Прилеп – регистриран како ТП Емили Стечај Емилија Илија Котеска, Прилеп.

Централен регистар да го објави ова решение преку интернет на својата веб-страница.

Од Основен суд – Прилеп. (7761)

_____

Основниот суд во Гостивар, објавува дека со Решение Ст. бр. 6/25 од 4.2.2025 година е поведена претходна постапка на постапката за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги МАРКЕТ-АСАН.И ДООЕЛ увоз-извоз с. Лакавица Гостивар, со

жиро-сметка број 210069459100183 која се води во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, со ЕДБ 4007014516831 и ЕМБС 6945910.

За привремен стечаен управник се именува Агрон Арифи од с. Пирок.

Се закажува рочиште поради изјаснување на ден 12.3.2025 година во 10:30 часот.

Од Основен суд – Гостивар.

Gjykata Themelore e Gostivarit, shpall Aktvendimin me Nr. F. 6/25 më datë 4.2.2025, që është inicuar procedurë paraprake për verifikimin e arsyeve për hapje të procedurës së falimentimit mbi debitorin Shoqëria për prodhim, tregti dhe shërbime MARKET-ASANI.I SHPKNJP eksport-import f.Llakavicë - Gostivar, me numër të xhiro – llogarisë 210069459100183 që udhëhiqet në bankën NLB SHA Shkup, me NVT 4007014516831 dhe NVAS 6945910.

Për drejtor të përkohshëm falimentimi, emërohet Agron Arifi nga f. Pirok, Tetovë.

Caktohet seancë për shkaqe arsyetimi më datë 12.3.2025 në ora 10:30.

Nga Gjykata Themelore e Gostivarit. (7765)

Основниот суд во Гостивар, објавува дека со Решение Ст. бр. 3/25 од 5.2.2025 година е поведена претходна постапка на постапката за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за превоз на патници и стока, промет и услуги ЦЕЗО ТУРС ПРИМА ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, со жиро-сметка број 200003521993168, која се води во Стопанска банка АД Скопје, жиро-сметка бр. 240340002160008 која се води во Универзална инвестициона банка АД Скопје и жиро-сметка бр. 380377377600144 која се води во Прокредит банка АД Скопје со ЕДБ 4070011256800 и ЕМБС 5761581.

За привремен стечаен управник се именува Драган Филипоски од Гостивар.

Се закажува рочиште поради изјаснување на ден 5.3.2025 година во 12:30 часот.

Од Основен суд – Гостивар.

Gjykata Themelore e Gostivarit, shpall Aktvendimin me Nr. F. 3/25 më datë 5.2.2025, që është inicuar procedurë paraprake për verifikimin e arsyeve për hapje të procedurës së falimentimit mbi debitorin Shoqëria për transport të udhëtarëve dhe mallrave, fitime dhe shërbime XHEZO TURS PRIMA SHPKNJP eksport – import Gostivar, me numër të xhiro – llogarisë 200003521993168 që udhëhiqet në bankën Stopanska SHA Shkup, me numër të xhiro – llogarisë 240340002160008 që udhëhiqet në bankën Univerzale të Investimeve SHA Shkup dhe me numër të xhiro – llogarisë 380377377600144 që udhëhiqet në bankën Pro Kredit SHA Shkup, me NVT 4007001125680 dhe NVAS 5761581.

Për drejtor të perkohshëm falimentimi, emërohet Dragan Filiposki nga Gostivari.

Caktohet seancë për shkaqe arsyetimi më datë 5.2.2025 në ora 12:30.

Nga Gjykata Themelore e Gostivarit. (7766)

Основниот суд во Велес, објавува дека со Решение Ст. бр. 14/24 од 30.1.2025 година, се отвора стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги МИСТРАЛ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. „8 Септември“ бр. 57, Велес, со жиро-сметка бр. 210076471070133 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, со единствен матичен број на субјектот 7647107, со единствен даночен број 4004022521918, но поради немање имот не се спроведува и се заклучува.

По правосилноста на Решението, должникот да се брише од Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица, кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија и другите регистри.

Решението да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на огласната табла и на веб-страницата на судот и да се достави до Централен регистар на РСМ.

Од Основен суд – Велес. (7767)

Основниот суд во Кавадарци, преку стечајниот судија Елизабета Петковска, со Решение Ст. бр. 2/25 од 6.2.2025 година, објавува дека во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги БАРИ ТЕКСТ експорт-импорт ДООЕЛ Демир Капија, со седиште на ул. „Орце Николов“ б. б., Демир Капија, со ЕМБС 6236553, ЕДБ 4019007113185, е направена техничка грешка, па судот известува дека рочиштето за испитување на условите за отворање стечајна постапка ќе се одржи на ден 12.3.2025 година во 12:00 часот.

Од Основен суд – Кавадарци. (7768)

НОТАРСКИ ОГЛАСИ

Се продава 1/3 идеален дел од земјоделско земјиште во КО Бошава, Имотен лист број 225 на КП бр. 606, дел 2, м. в. „Топлик“, кат. култура зз пс, класа 4, со површина од 194 м2, во сопственост на Горица Деловски од Прилеп, за цена од 256,00 евра во денарска противвредност.

Се повикуваат сите лица кои имаат право на првенствено купување (заедничките сопственици, сосопствениците и соседите, чиешто земјиште граничи со земјиштето што се продава) на горенаведениот недвижен имот, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство на купување. Изјавата за прифаќањето на понудата да се достави до нотарот Наталија Кујунциева, ул. „Илинденска“ бр. 22, Кавадарци. (7861)

Се продава 2/3 идеални делови од земјоделско земјиште во КО Бошава, Имотен лист број 225 на КП бр. 606, дел 2, м. в. „Топлик“, кат. Култура зз пс, класа 4, со површина од 194 м2, во сопственост на Ангел Павлов од Кавадарци, за цена од 780,00 евра во денарска противвредност.

Се повикуваат сите лица кои имаат право на првенствено купување (заедничките сопственици, сосопствениците и соседите, чиешто земјиште граничи со земјиштето што се продава) на горенаведениот недвижен имот, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство на купување. Изјавата за прифаќањето на понудата да се достави до нотарот Наталија Кујунциева, ул. „Илинденска“ бр. 22, Кавадарци. (7862)

Над недвижност во градба која се наоѓа во Скопје, а кој имот лежи на КП. Бр 10298 и тоа: зграда 4, влез 1, кат МА, број 17, стан со површина од 93 м2, зграда 4, влез 1, кат МА, број 17, помошни површини (тераса, лоѓија, балкон), со површина од 12 м2, а кој имот е опишан во Лист за предбележување на градба број 120433 за КО Центар 1 издаден од АКН - Центар за ка-

тастар на недвижности Скопје и зграда 4, влез 1, кат ПО-1, број 3/4, паркинг место во затворен простор, со отворена површина од 13 м2, а кој имот е опишан во Лист за предбележување на градба број 120409 за КО Центар 1 издаден од АКН - Центар за катастар на недвижности Скопје, сопственост на заложниот должник Друштво за инвестиции, градежништво и трговија ЕЛИТЕН ИНВЕСТМЕНТ ГРОУП ДООЕЛ Скопје, врз основа на Одобрение за градење издадено од Општина Центар-Скопје под УП1 бр. 27-18 од 13.8.2021 година и правосилно Решение за измени во текот на изградбата издадено од Општина Центар, Скопје под УП 1 бр. 27-313/2022 од 11.7.2023 година, со сите прирастоци и припадоци, доградби и надградби кон истиот, заснован е залог (хипотека) во полза на заложниот доверител Стопанска банка АД Скопје со Договор за залог (хипотека) врз недвижност, со својство на извршна исправа, сочинет во форма на Нотарски акт кај нотарот Нада Палиќ од Скопје, заведен под ОДУ бр. 41/25 од 16.1.2025 година, а за обезбедување на парично побарување во максимален износ од 189.125,00 евра, кое побарување произлегува од Договорот за одобрување на станбен кредит Број 3617836178 од 18.12.2024 година, склучен помеѓу заложниот доверител и должникот иден заложен должник Глигор Добривојевски, должникот Биљана Добривојевска и заложниот должник Друштво за инвестиции, градежништво и трговија ЕЛИТЕН ИНВЕСТМЕНТ ГРОУП ДООЕЛ Скопје, запишано во Катастар на ден 16.1.2025 година. (7863)

Над недвижност (во градба) која се наоѓа во Скопје, а кој имот лежи на КП бр.1119/5 и тоа: зграда 1, влез 2, кат К9, број 107, стан со површина од 47 м2, зграда 1, влез 2, кат К9, број 107, помошни површини (тераса, лоѓија, балкон), со површина од 5 м2, а кој имот е опишан во Лист за предбележување на градба број 72373 за КО Мацари издаден од АКН-Центар за катастар на недвижности Скопје и зграда 1, влез 2, кат ПО-2, број 107, паркинг место во затворен простор, со отворена површина од 14 м2, а кој имот е опишан во Лист за предбележување на градба број 72449 за КО Мацари, сопственост на заложниот должник Друштво за проектирање, изведба и инженеринг САРА-4 Соња ДОО Скопје, врз основа на правосилно Одобрение за градење-втора фаза издадено од РМ Општина Гази Баба Сектор за урбанизам и градежно земјиште Одделение за спроведување на урбанистички планови под УП1 Бр. 28-521/2022 од 16.8.2023 година и Решение издадено од РМ Општина Гази Баба Сектор за урбанизам и градежно земјиште Одделение за спроведување на урбанистички планови под Бр.28-3/2589-6-2024 од 27.9.2024 година, со сите прирастоци и припадоци, доградби и надградби кон истиот, заснован е залог (хипотека) во полза на заложниот доверител НЛБ БАНКА АД Скопје со Договор за залог (хипотека) врз недвижност, со својство на извршна исправа, сочинет во форма на Нотарски акт-кај нотарот Нада Палиќ од Скопје, заведен под ОДУ. Бр.109/25 од 3.2.2025 година, а за обезбедување на парично побарување во максимален износ од 65.500,00 евра кое побарување произлегува од Договорот бр. KR2024/138133 за одобрување на станбен кредит, склучен и потпишан на ден 28.1.2025 година, склучен помеѓу заложниот доверител и должникот-Иден заложен должник Милена Стефановска, запишано во Катастар на ден 4.2.2025 година. (7864)

Над недвижност (во градба) која се наоѓа во Скопје, а кој имот лежи на КП бр. 744/13: зграда 1, влез 1, кат ПО, број 1/23, помошна просторија, со внатрешна површина од 3 м2, зграда 1, влез 1, кат К4, број 34, стан, со внатрешна површина од 55 м2, зграда 1, влез 1, кат К4, број 34, помошни површини (тераса, лоѓија, балкон), со внатрешна површина од 2 м2, зграда 1, влез 1, кат ПО, број 63, гаражно место во затворен простор, со отворена површина од 12 м2, сопственост на заложниот должник Друштво за трговија и услуги КАРПОШ-УНИЈА ДОО увоз-извоз Скопје, врз основа на Одобрение за градење, издадено од РМ Општина Аеродром под бр. 23-129 од 28.01.2014 година, Решение за промена на инвеститор, издадено од РМ Општина Аеродром под бр. 1 20-180 од 21.12.2018 година, Решение за исправка на техничка грешка, издадено од РСМ Општина Аеродром под бр. УП 1 20-180/2018 од 16.4.2019 година и Решение за одобрување на измени во текот на изградбата, издадено од РСМ Општина Аеродром под УП 1 бр. 20-130/2020 од 21.4.2021 година, а кој имот е опишан во Лист за предбележување на градба број 118090 за КО Кисела Вода 2, издаден од АКН - Центар за катастар на недвижности Скопје, со сите прирастоци и припадоци, доградби и надградби кон истиот, заснован е залог (хипотека) во полза на заложниот доверител Халк банка АД Скопје со Договор за залог (хипотека) врз недвижност, со својство на извршна исправа, сочинет во форма на Нотарски акт кај нотарот Нада Палиќ од Скопје, заведен под ОДУ бр. 110/25 од 3.2.2025 година, а за обезбедување на парично побарување во максимален износ од 55.440,00 евра, кое побарување произлегува од Договорот за станбен кредит KR2024/37106 склучен и потпишан на ден 30.12.2024 година, заведен кај заложниот доверител под бр. 02-490-1671273.4, склучен помеѓу заложниот доверител и должникот иден заложен должник Антонио Милошески, запишано во Катастар на ден 3.2.2025 година. (7865)

Над недвижност (во градба) која се наоѓа во Скопје, а кој имот лежи на КП бр. 1119/5: зграда 1, влез 2, кат К9, стан број 105, со површина од 26 м2, зграда 1, влез 2, кат К9, помошни површини (тераса, лоѓија, балкон) број 105, со површина од 5 м2, сопственост на Заложниот должник Друштво за проектирање, изведба и инженеринг САРА-4 Соња ДОО Скопје врз основа на правосилно Одобрение за градење - втора фаза, издадено од РМ Општина Гази Баба, Сектор за урбанизам и градежно земјиште Одделение за спроведување на урбанистички планови под УП1 бр. 28-521/2022 од 16.8.2023 година, а кој имот е опишан во Лист за предбележување на градба број 72383 за КО Мацари, издаден од АКН-Центар за катастар на недвижности Скопје, со сите прирастоци и припадоци, доградби и надградби кон истиот, заснован е залог (хипотека) во полза на заложниот доверител Стопанска банка АД Скопје со Договор за залог (хипотека) врз недвижност, со својство на извршна исправа, сочинет во форма на Нотарски акт кај нотарот Нада Палиќ од Скопје, заведен под ОДУ бр. 122/25 од 12.2.2025 година, а за обезбедување на парично побарување во максимален износ од 24.485,00 евра, кое побарување произлегува од Договор за одобрување на станбен кредит број 3632036320, склучен на ден 3.2.2025 година, склучен помеѓу заложниот доверител и должникот иден заложен должник Стефан Димитриевски и заложниот должник Друштво за проектирање, изведба и инженеринг САРА-4 Соња ДОО Скопје, запишано во Катастар на ден 12.2.2025 година. (7866)

Над недвижност (во градба) која се наоѓа во Скопје, а кој имот лежи на КП бр. 1119/5: зграда 1, влез 2, кат К5, стан број 51, со површина од 66 м2, зграда 1, влез 2, кат К5, помошни површини (тераса, лоѓија, балкон) број 51, со површина од 5 м2, а кој имот е опишан во

Лист за предбележување на градба број 72287 за КО Маџари, издаден од АКН-Центар за катастар на недвижности Скопје, сопственост на заложниот должник Друштво за проектирање, изведба и инженеринг САРА-4 Соња ДОО Скопје, врз основа на правосилно Одобрение за градење - втора фаза издадено од РМ Општина Гази Баба Сектор за урбанизам и градежно земјиште Одделение за спроведување на урбанистички планови под УП1 бр. 28-521/2022 од 16.8.2023 година, со сите прирастоци и припадоци, доградби и надградби кон истиот, заснован е залог (хипотека) во полза на заложниот доверител НЛБ банка АД Скопје со Договор за залог (хипотека) врз недвижност, со својство на извршна исправа, сочинет во форма на Нотарски акт кај нотарот Нада Палиќ од Скопје, заведен под ОДУ бр. 92/25 од 29.1.2025 година, а за обезбедување на парично побарување во максимален износ од 84.490,00 евра, кое побарување произлегува од Договорот бр. KR2024/139986 за одобрување на станбен кредит, склучен и потпишан на ден 23.1.2025 година, склучен помеѓу заложниот доверител и должниците идни заложни должници Методија Митевски и Наталија Гоцева Митевски, запишано во Катастар на ден 29.1.2025 година. (7867)

Над недвижност која се наоѓа во Скопје, а кој имот лежи на КП бр. 1734/15: зграда 2, влез 2, кат К1, стан број 2, со површина од 44 м2 и неопределен (соодветен) дел од недвижност - ходници, скали, комуникациски гаражен простор и дуги помошни простории што му припаѓаат на стан број 2, сопственост на заложниот должник Друштво за градежништво, услуги и трговија Б. А. П ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје, врз основа на Одобрение за градење издадено од РСМ Општина Аеродром под бр. 20-2166/1 од 8.11.2024 година, а кој имот е опишан во Лист за предбележување на градба број 173453 за КО Кисела Вода 2, издаден од АКН - Центар за катастар на недвижности Скопје, со сите прирастоци и припадоци, доградби и надградби кон истиот, заснован е залог (хипотека) во полза на заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје со Договор за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа, потврден (солемнизиран) кај нотарот Нада Палиќ од Скопје, заведен под ОДУ бр. 104/25 од 31.1.2025 година, а за обезбедување на парично побарување во максимален износ од 47.000,00 евра, кое побарување произлегува од Договорот за кредит за купување на станбен простор, склучен на ден 28.1.2025 година, склучен помеѓу заложниот доверител и должникот иден заложен должник Елена Колевска, запишано во Катастар на ден 31.1.2025 година. (7868)

Над недвижност (во градба) која се наоѓа во Скопје, а кој имот лежи на КП бр. 9915, КО Центар 1 од кои: зграда 2, влез 1, кат МА, број 10, стан со површина од 49 м2, зграда 2, влез 1, кат МА, број 10, помошни површини (тераса, лоѓија, балкон), со површина од 7 м2, а кој имот е евидентиран во Лист за предбележување на градба број 118850 за КО Центар 1, издаден од АКН-Центар за катастар на недвижности Скопје, врз основа на правосилно Одобрение за градење, издадено од РСМ Општина Центар – Скопје под бр. УП1 27-473/2022 од 30.5.2023 година, со сите прирастоци и припадоци, доградби и надградби кон истата сега и во иднина, во полза на заложниот доверител Централна кооперативна банка АД Скопје со Договор за залог (хипотека) врз недвижност, со својство на извршна исправа, сочинет кај нотарот Нада Палиќ од Скопје под ОДУ бр. 68/25 од 24.1.2025 година, за обезбедување на парично побарување во максимален износ од 103.400,00 евра, кое побарување произлегува од Договор за станбен кредит со девизна клаузула обезбеден со хипотека, под број 2002-1787 од 24.12.2024 година, склучен помеѓу заложниот доверител и должникот иден заложен должник Владо Стојанов, запишано во Катастар на ден 24.1.2025 година. (7869)

Над недвижност (во градба) која се наоѓа во Скопје, а кој имот лежи на КП бр. 1119/5 и тоа: зграда 1, влез 2, кат МА, број 117, стан, со површина од 26 м2, зграда 1, влез 2, кат МА, број 117, помошни површини (тераса, лоѓија, балкон), со површина од 5 м2, сопственост на Заложниот должник Друштво за проектирање, изведба и инженеринг САРА-4 Соња ДОО Скопје врз основа на правосилно Одобрение за градење-втора фаза издадено од РМ Општина Гази Баба, Сектор за урбанизам и градежно земјиште Одделение за спроведување на урбанистички планови под УП1 бр. 28-521/2022 од 16.8.2023 година и Решение издадено од РМ Општина Гази Баба, Сектор за урбанизам и градежно земјиште Одделение за спроведување на урбанистички планови под бр. 28-3/2589-6-2024 од 27.9.2024 година, а кој имот е опишан во Лист за предбележување на градба број 72399 за КО Маџари, издаден од АКН - Центар за катастар на недвижности Скопје, со сите прирастоци и припадоци, доградби и надградби кон истиот, заснован е залог (хипотека) во полза на заложниот доверител Стопанска банка АД Скопје со Договор за залог (хипотека) врз недвижност, со својство на извршна исправа, сочинет во форма на Нотарски акт кај нотарот Нада Палиќ од Скопје, заведен под ОДУ бр. 112/25 од 3.2.2025 година, а за обезбедување на парично побарување во максимален износ од 20.485,00 евра, кое побарување произлегува од Договор за одобрување на станбен кредит број 3631736317, склучен на ден 23.1.2025 година, склучен помеѓу заложниот доверител и должникот иден заложен должник Наташа Николовска и заложниот должник Друштво за проектирање, изведба и инженеринг САРА-4 Соња ДОО Скопје, запишано во Катастар на ден 4.2.2025 година. (7870)

Над недвижност (во градба) која се наоѓа во Скопје, а кој имот лежи на КП бр.1119/5 и тоа: зграда 1, влез 2, кат К7, стан број 80, со површина од 43 м2, зграда 1, влез 2, кат К7, помошни површини (тераса, лоѓија, балкон) број 80, со површина од 5 м2, сопственост на Заложниот должник Друштво за проектирање, изведба и инженеринг САРА-4 Соња ДОО Скопје врз основа на правосилно Одобрение за градење-втора фаза издадено од РМ Општина Гази Баба - Сектор за урбанизам и градежно земјиште Одделение за спроведување на урбанистички планови под УП1 бр.28-521/2022 од 16.8.2023 година, а кој имот е опишан во Лист за предбележување на градба број 72320 за КО Маџари издаден од АКН - Центар за катастар на недвижности Скопје, со сите прирастоци и припадоци, доградби и надградби кон истиот, заснован е залог (хипотека) во полза на Заложниот доверител СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје со Договор за залог (хипотека) врз недвижност, со својство на извршна исправа, сочинет во форма на Нотарски акт кај нотар Нада Палиќ од Скопје, заведен под ОДУ бр.945/24 од 20.12.2024 година, а за обезбедување на парично побарување во максимален износ од 57.120,00 евра, кое побарување произлегува од Договор за одобрување на станбен кредит број 3613536135 склучен на ден 4.12.2024 година, склучен помеѓу Заложниот доверител и должникот - иден заложен должник Димитар Тасевски, должникот Емилија Јовановска, заложниот должник Драгица Таевска и заложниот должник Друштво за проектирање, изведба и инженеринг САРА-4 Соња ДОО Скопје, запишано во Катастар на ден 24.12.2024 година. (7877)

Воедно се воспоставува залог - хипотека од прв ред врз недвижен имот од Имотен лист број 15140 КО Делчево, сосопственост на заложниот должник Александра Јочевска, сосопственик на 1/4 идеален дел, Кирил Станковски е сосопственик на 1/4 идеален дел и Друштво за производство, трговија и услуги ХОУМ МАРКЕТ ДОО увоз – извоз Делчево е сосопственик на 2/4 идеален дел опишано во Имотен лист бр. 15140 КО Делчево Лист Б:

-КП бр. 2685 на м. в. „Локвите" кат. култ. зз н кл. 4 со површина од 3.712 м2, право на сосопственост и

-КП бр. 2685 на м. в. „Локвите", кат. култ. зз н-опозп 1 со површина од 454 м2, право на сосопственост.

Нотар Боро Атанасовски од Делчево објавува дека со Договор за залог врз подвижни предмети со својство на извршна исправа солемнизиран со ОДУ бр. 111/25 од 12.02.2025 год. Сосптвеност на ХОУМ МАРКЕТ ДОО Делчево должник/заложен должник се воспоставува залог од прв ред во корист на Комерцијална банка АД Скопје заложен доверител за обезбедување на побарување во износ од 160.000,00 евра врз Фотоволтаични електрична централа комплет составена од од метална носечка конструкција за фотоволтаични панели комплет со сите спојни елементи, заземјувањето на металната подконструкција, мониторинг, изведување на приклучок со приклучни табли на електродистрибутивен систем - мрежа систем, громобранска инсталација и дренажни линии, ДЦ/АЦ страна соларни и енергетски кабли,74 панели - JASOLAR-540W и инвертер SUNGROW/SG40CX(A22813087. (7996)

Се продаваат по 6.048 м2 недвижен имот - земјоделско земјиште сопственост на Неби Бектеши на КП бр. 93, дел /, место викано „Купријан“, култура зз/н, класа 7, со површина од 3024 м2, КП бр. 93, дел /, место викано „Купријан“, култура зз/н, класа 8, со површина од 3024 м2, укнижен во Имотен лист број 1328 за КО Батинци, издаден од АКН на РСМ за цена од 307.000 денари.

Се повикуваат соседите и сосопствениците на горенаведеното земјиште, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување. Изјавите за прифаќањето на понудата писмено да се достават до нотарот Јасмина Радончиќ од Скопје, ул. „Орце Николов“ бр. 20/6. (7997)

Се продава земјоделско земјиште - нива место викано „Ограѓе“, класа 6, право на недвижност на КП бр. 3103 со површина од 1.849 м2, запишано во Имотен лист број 138 за КО Конче, сопственост на Димов Ванчо од Радовиш за цена од 18.000 денари.

Се повикуваат лицата кои согласно со чл. 15, став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 135/2007) имаат право на првенствено купување (заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава) на посочениот недвижен имот, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство на купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Љупчо Јорданов од Радовиш ул. „Ацо Караманов“ бр. 1, кат 1, Радовиш (7999)

Заради обезбедување на побарување во износ од 877.000 денари по основ на Договор за кредит заведен под бр. 1810/3198, склучен на 11.2.2025 година, помеѓу Силк Роуд банка АД Скопје, со седиште на ул. „Даме Груев“ бр. 1, Скопје, како заложен доверител со корисникот на кредит Друштво за производство, трговија и услуги ТАНЕВ ТРАНС ОИЛ ДОО с. Богородица, Гевгелија, со седиште на ул. „Маршал Тито“ бр. 18-А, с. Богородица, Гевгелија, врз основа на Нотарски акт - Договор за засновање регистриран невладетелски залог врз подвижен предмет со својство на извршна исправа под ОДУ број 87/2025 од 13.2.2025 година од нотарот Ѓорѓи Николов од Гевгелија, регистриран е залог врз подвижен предмет во идна сопственост согласно со Профактура на име на заложниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ТАНЕВ ТРАНС ОИЛ ДОО с. Богородица, Гевгелија со Потврда за регистрација на залог под единствениот деловоден идентификациски број 11520250000012 од 14.2.2025 година во Заложниот регистар - Гевгелија при Централен регистар на РМ. (8000)

Се продава земјоделско земјиште на: КП бр. 400/1, место викано/улица „Сув Драгор“, катастарска култура 11000, класа 2, со површина од 4.730 м2, заведена во Имотен лист број 1482 за КО Долно Оризари со дел на посед 1/1, имотот е на Менде Новачевски од Долно Оризари, и се продава за цена од 130.000 денари, а данокот на промет на недвижностите, адвокатските и нотарските трошоци и другите трошоци во врска со реализацијата на Договорот за продажба ги плаќа купувачот.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и сопствениците на парцелите кои граничат со наведената парцела, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“, доколку се заинтересирани, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување. Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Љупка Карацовска-Главинче од Битола, ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 13/3, Битола. (8001)

Се продава земјоделско земјиште на: КП бр. 1413, место викано/улица „Волница“, катастарска култура 11000, класа 3, со површина од 2.713 м2, заведена во Имотен лист број 1785 за КО Буково со дел на посед 1/1, имотот е на Славица Колевска од Битола, и се продава за цена од 4.200 евра во денарска противвредност, а данокот на промет на недвижностите, адвокатските и нотарските трошоци и другите трошоци во врска со реализацијата на Договорот за продажба ги плаќа купувачот.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и сопствениците на парцелите кои граничат со наведената парцела, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“, доколку се заинтересирани, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување. Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Љупка Карацовска-Главинче од Битола, ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 13/3, Битола. (8002)

Врз основа на Нотарски акт - Анекс број 2 кон Договор за залог-хипотека врз недвижност (со својство на извршна исправа) од нотарот Никола Кузманоски од Охрид под ОДУ реден број 45/25 од 7.2.2025 година, склучен помеѓу Стопанска банка АД Скопје, со седиште на улица „11-ти Октомври“ број 7, Скопје, Центар, со ЕМБС 4065549 како заложен доверител, ТДПТУ „ДАМОСКИ“ увоз-извоз ДООЕЛ Охрид, со седиште на улица „Шар Планина“ бр. 32, Охрид, со ЕМБС 7384378, како должник и заложен должник и Митко Дамоски од Охрид, со стан на улица „Шар Планина“ бр. 32, Охрид како заложен должник, засновано е заложно право хипотека врз недвижен имот по Имотен лист бр. 103573 за КО Охрид 3 и тоа по Лист Б: КП бр. 14032/3, место викано/улица „Шар Планина“, кат. култура гз/гиз, површина од 188 м2; КП бр. 14032/3, место викано/улица „Шар Планина“, кат. култура гз/зпз 1, површина од 135 м2 и по Лист В: КП бр. 14032/3, како и заложно право хипотека врз недвижен имот по Лист за предбележување на градба бр. 190706 за КО Охрид 3 и тоа КП бр. 14032/3, бр. на згр. 1, влез 1, кат МА, број 4, намена - стан, внатрешна површина од 116 м2; КП бр. 14032/3, бр. на згр. 1, влез 1, кат МА, број 4, намена - ходници со скали, внатрешна површина од 10 м2; КП бр. 14032/3, бр. на згр. 1, влез 1, кат МА, број 4, намена - помошни површини, внатрешна површина од 24 м2, заради обезбедување на Анекс бр. 1 кон Договор за кредитна рамка заведен кај СБ под бр. 20/2401-138 од 4.2.2025 година на износ од 20.000.000 денари (дваесет милиони денари). (8004)

Сосопствениците Кирил Иваноски од Скопје улица „Народен фронт“ бр. 9-2 и Бобан Лашкоски од Прилеп улица „Прилепски бранители“ број 230 ги продаваат своите изделани делови од по 1/2 една половина од недвижен имот, заведен во Имотен лист број 3876 за КО Варош, Лист Б, парцела број 2413/1 место викано „Зад

рид“, култура зз н класа 5, со површина од 2.777 м2, и тоа секој сосопственик посебно својот идеален дел за купопродажна цена од 60.000 денари, секој сосопственик одделно може го продаде својот идеален дел од недвижниот имот

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и сопствениците чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Дијана Дамеска Петрески, ул. „Кузман Јосифовски“ број 8, Прилеп. (8005)

Сопственикот Клинчески Методија од Прилеп улица „Г. Димитриоски“ број 18 го продава својот недвижен имот, заведен во Имотен лист број 2412 за КО Варош, Лист Б, парцела број 2411 место викано „Зад рид“, култура 11000 класа 5, со површина од 1.554 м2, за купопродажна цена од 60.000 денари и од истиот Имотен лист парцела број 2412 место викано „Зад рид“, култура 11000 класа 4, со површина од 1.399 м2 за купопродажна цена од 60.000 денари.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и сопствениците чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Дијана Дамеска Петрески, ул. „Кузман Јосифовски“ број 8, Прилеп. (8006)

Согласно со член 15 од Законот за земјоделското земјиште, се огласува купопродажба на недвижен имот во Скопје, лоциран на КП 695 место викано „Шамак“, видно од Имотен лист број 1903 за КО Бардовци, сосопственост на по 670/3195 идеални делови на име на ДПТ АТС ГРОУП ДООЕЛ Скопје за купопродажна цена од 58 евра за 1 м2.

Се повикуваат сите граничари на предметниот недвижен имот којшто се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“ писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите да се достават до нотарот Ермира Мехмети со седиште во Скопје, ул. „Црвени брегови“ бр. 30-А, телефонски број 078/342-398. (8007)

Врз основа на Нотарски акт - Договор за хипотека врз недвижност со својство на извршна исправа ОДУ 68/25 од 7.2.2025 година од нотарот Оливера Пешиќ, склучен меѓу заложниот доверител НЛБ банка АД Скопје, должникот идниот заложен должник Катерина Палазова и заложниот должник ДАБАР ДООЕЛ Скопје, воспоставена е хипотека од прв ред врз недвижен имот со сите припадоци и прирастоци кој се наоѓа во Скопје на ул. „Евтим Спространов“ број 34 на КП бр. 3125/3, зграда 1, намена на зграда А2-1 влез 1, кат МА, број 93, стан со површина од 62 м2, помошни површини (тераса, лоѓија, балкон) со површина од 5 м2 и паркинг-место во затворен простор во влез 1, кат ПО3, број 145 во површина од 17 м2 запишани во Имотен лист број 62522 за КО Кисела Вода 1, во сопственост на заложниот должник ДАБАР ДООЕЛ Скопје, а заради обезбедување на парично побарување со вкупен износ од 55.000,00 евра, кое произлегува од Договор бр. KR2024/85086 за одобрување на станбен кредит. (8008)

Врз основа на Нотарски акт - Договор за хипотека врз недвижност со својство на извршна исправа ОДУ 67/25 од 7.2.2025 година од нотарот Оливера Пешиќ, склучен меѓу заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје, должникот идниот заложен должник Тамара Зубчиќ, согласната страна Филип Зубчиќ и заложниот должник ДАБАР ДООЕЛ Скопје, воспоставена е хипотека од прв ред врз недвижен имот со сите припадоци и прирастоци кој се наоѓа во Скопје на ул. „Евтим Спространов“ број 30 на КП бр. 3125/1, зграда 1, намена на зграда А2-2 влез 1, кат ПР, број 1, стан со површина од 62 м2, помошни површини (тераса, лоѓија, балкон) со површина од 2 м2 и паркинг-место во затворен простор во влез 1, кат ПО1, број 12 со површина од 17 м2 и паркинг-место во затворен простор во влез 1, кат ПО1, број 13 со површина од 17 м2, запишани во Имотен лист број 62385 за КО Кисела Вода 1, во сопственост на заложниот должник ДАБАР ДООЕЛ Скопје, а заради обезбедување на парично побарување со вкупен износ од 61.000,00 евра, кое произлегува од Договор за кредит за купување на станбен простор бр. 02-401-0183935.5. (8009)

Се продава недвижен имот – земјоделско земјиште во место викано „Пржор“ со КП 671, со вкупна површина од 5.352 м2 и земјоделско земјиште во место викано „Пржол“ со КП 672, со вкупна површина од 7.725 м2, запишани на име на продавачот Зулфија Тефик, во Имотен лист бр. 967 за КО Романовце вон град и во Имотен лист бр. 912 за КО Романовце вон град, за вкупна цена од 52.275 денари.

Се повикуваат сите сосопственици и соседи - граничари, чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“ писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Бетим Азири од Куманово, ул. „11-ти Октомври“ бр. 1. (8010)

Се отуѓува – продава земјоделско земјиште, сопственост на Нухи Макбуле со живеалиште во Боговиње на ул. „101“ б. б., заведено во Имотен лист број 6114 за КО Боговиње вон град, КП бр. 1421 дел 1, место викано „Папратница“, катастарска култура зз н, класа 2, со површина 2.618 м2, за цена од 55.350 денари.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Весна Масловариќ-Костовска, ул. „Благоја Тоска“ 214/1, Тетово. (8011)

Се продава земјоделско земјиште - нива во м. в. „М. Рудина“, класа 4, право на недвижност 831 на КП бр. 899 со површина од 986 м2, запишана во Имотен лист бр. 40 КО Дрвош, сопственост на продавачот Горге Димитриев од с. Дрвош ул. / бр. 48, Босилово за вкупна купопродажна цена од 300,-- евра (триста евра) во денарска противвредност.

Се повикуваат лицата кои согласно со чл. 15, став 1 од Законот за земјоделско земјиште („Сл. весник на РМ“ бр. 135/2007) имаат право на првенствено купување (заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава) на посочениот недвижен имот во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство на купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Елена Милушева Сапунџиева од Струмица ул. „Ленинова“ бр. 42. (8012)

Се продава овоштарник на КП бр. 1238, дел/, место викано „Дива мачка“, катастарска култура овоштарник, класа 2, со површина од 316 м2, со право на сопственост, нива на КП бр. 1239, дел/, место викано „Дива мачка“, катастарска култура нива, класа 3, со површина од 377 м2, со право на сопственост, нива на КП бр. 1240, дел/, место викано „Дива мачка“, катастарска култура нива, класа 3, со површина од 192 м2, со право на сопственост, овоштарник на КП бр. 1241, дел/, место викано „Дива мачка“, катастарска култура овоштарник, класа 2, со површина од 212 м2, со право на сопственост, запишани во Имотен лист бр. 260 за КО Крилатица, која недвижност е во сопственост и тоа 1/1 идеален дел на недвижноста на лицето Николчо Цветковски од Кратово, адреса ул. „Гоце Делчев“ бр. 73, Кратово за вкупна купопродажна цена од 615.000 денари.

Се повикуваат заедничките сопственици на недвижноста, сосопствениците и соседите (граничарите) односно сите лица со првенствено право на купување, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување. Изјавите за прифаќањето на понудите да се достават до нотарската канцеларија на нотарот Маја Колева на ул. „Св. Ѓорѓи Кратовски“ бр. 1-А, 1360, Кратово. (8031)

Се продава следниов недвижен имот заведен на КП број 1106, дел 1, место викано „Требеница“, катастарска култура зз/пс, класа 4, со површина од 13.686 м2, сосопственост на 1/18 идеален дел на: Мемедоски Лирим од Кичево, за купопродажна цена од 600 евра.

Се повикуваат сите заинтересирани сосопственици соседи како и трети лица, кои граничат со погоренаведената парцела, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Вјоса Лимани Мустафа, ул. „Тане Цалески“ бр. 30/1-3 и 4, кат 2. (8035)

Се продава земјоделско земјиште: идеален дел од 983 м2 од 4321/4721 од КП бр. 746, место викано „Езерце“, култура зз н, класа 1, со површина од 4.721 м2, сопственост, запишано во Имотен лист број 51263 за КО Мороишта, во сопственост на Светозар Ѓоршулески од Мороишта Струга, за продажна цена од 1.800 евра во денарска противвредност.

Се повикуваат сосопственикот Горан Томоски од Мороишта Струга и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Сашо Ѓурчиноски од Струга, ул. „Маршал Тито“ бр. 52. (8036)

Се продава земјоделско земјиште: идеален дел од 401 м2 од идеалниот дел на Светозар Ѓоршулески од КП бр. 746, место викано „Езерце“, култура зз н, класа 1, со површина од 4.721 м2, сопственост, запишано во Имотен лист број 51263 за КО Мороишта, во сопственост на Светозар Ѓоршулески од Мороишта, Струга, за продажна цена од 900 евра во денарска противвредност.

Се повикуваат сосопственикот Горан Томоски од Мороишта, Струга, сите сосопственици и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Сашо Ѓурчиноски од Струга, ул. „Маршал Тито“ бр. 52. (8038)

Се продава 1494/1557 идеални делови од земјоделско земјиште на: КП бр. 6665, м. в. „Миравци“, катастарска култура зз-н, класа 4 со површина од 1.557 м2, запишан во Имотен лист број 21386 КО Миравци и 112/175 на КП бр. 6664, м. в. „Миравци“, катастарска култура зз-пс, класа 3 со површина од 175 м2 запишан во ИЛ бр. 21387 за КО Миравци за продажна цена од 60.000 денари во сосопственост на Слободан Танчевски со адреса на ул. „Гоце Делчев“ бр. 87, Миравци, Гевгелија.

Се повикуваат лицата кои имаат право на првенствено купување (заеднички сопственици, сосопственици и соседи чие земјиште граничи со земјиштето што се продава) во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата, во спротивно го губат правото на првенство. Изјавите за прифаќањето на понудата и депонирање на депозитот во висина на износот на продажната цена да се достават до нотарот Антонио Јанчев од Гевгелија ул. „Борис Карпузов“ бр. 4, Гевгелија. (8039)

Се продава земјоделско земјиште - нива место викано „Чешмеџжико“, класа 6, право на недвижност на КП бр. 1239, дел 2, со површина од 2.420 м2, запишано во Имотен лист број 1679 за КО Радовиш вон град, сопственост на Василева Невенка од Радовиш за цена од 24.200 денари.

Се повикуваат лицата кои согласно со чл. 15, став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 135/2007) имаат право на првенствено купување (заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава) на посочениот недвижен имот, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство на купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Љупчо Јорданов од Радовиш ул. „Аџо Караманов“ бр. 1, кат 1, Радови. (8040)

ЈАВНИ ОБЈАВИ НА ИЗВРШИТЕЛИ

И. бр. 1754/2024

ЈАВНА ОБЈАВА

(Врз основа на член 48 од Законот за извршување „Сл. весник на РМ“ бр. 233/2018 од 20.12.2018 година)

Извршителот Павел Томашевски постапувајќи по предлогот на доверителот Лука А. Александров од Скопје и живеалиште на ул. „Палмира Тољати“ бр. 85-А, против должникот Алекса Павлоски од Скопје со живеалиште на ул. „103“ бр. 24 с. Волково, заради остварување на парично побарување, на ден 14.2.2025 година, го

ПОВИКУВА

Должникот Алекса Павлоски да се јави во канцеларијата на извршителот на ул. „11 Октомври“ бр. 23А-2/4, Скопје, заради доставување на Налог за извршување врз недвижност член 166 од ЗИ од 21.10.2024 година, Заклучок за определување на проценител на недвижност од 13.11.2024 година, Заклучок за утврдување на вредност на недвижност од 13.12.2024 година и Заклучок за усна јавна продажба прва по член 179 ст. 1, член 181, ст. 1 став 182 став 1 од 14.2.2025 год, заведено со И. бр. 1754/2024 во рок од 1 (еден) ден, сметано од денот на последното објавување на ова јавно повикување во јавното гласило.

Се предупредува должникот Алекса Павлоски дека ваквиот начин на достава се смета за уреден и дека негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка. Оваа објава се објавува еднаш во дневниот печат „Нова Македонија“, на веб-страницата на Комора на извршители и еднократно во „Сл. весник на РСМ“ и ова објавување претставува прва ОБЈАВА на јавниот повик.

Извршител,
Павел Томашевски, с.р.
(7896)

И. бр. 337/24

ЈАВНА ОБЈАВА

(Врз основа на член 48 од Законот за извршување „Службен весник на РМ“ бр. 72/16, бр. 142/16 и бр. 233/18)

Извршителот Васко Блажевски од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот НЛБ банка АД Скопје од Скопје со седиште на ул. „Мајка Тереза“ бр. 1, засновано на извршната исправа Нотарски акт/Договор за залог врз недвижен имот ОДУ бр.457/21 од 8.11.2021 година на нотарот Мајљинда Ајдари од Скопје, против должникот Димче Арсовски од Скопје со живеалиште на ул. „Ѓорѓи Капчев“ бр. 54, должникот Дарко Арсовски од Скопје со живеалиште на ул. „Ѓорѓи Капчев“ бр. 54, должникот Соња Тодорова од Скопје со живеалиште на ул. „Мајка Тереза“ бр. 5/1-13, должникот Звонко Арсовски од Скопје со живеалиште на ул. „Ѓорѓи Капчев“ бр. 54 и заложниот должник Градежно, трговско, услужно, друштво ТРИМ увоз-извоз Охрид ДОО, со седиште на ул. „Туристичка“ б. б., Охрид, за спроведување на извршување во вредност од 86.915,92 евра, на ден 14.2.2025 година, ја

ПОВИКУВА

Должникот Соња Тодорова со живеалиште на ул. „Мајка Тереза“ бр. 5/1-13 заради достава на: Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување), И. бр. 337/24 од 16.2.2024 година на извршителот Васко Блажевски, Налог за извршување заради испразнување и предавање на недвижност (врз основа на член 226 став 2 од Законот за извршување), И. бр. 337/24 од 16.2.2024 година на извршителот Васко Блажевски, Заклучок за определување на проценител кој ќе врши процена на недвижност (врз основа на член 176 став 1 од Законот за извршување), И. бр. 337/24 од 29.3.2024 година на извршителот Васко Блажевски, Записник за преземање на извршни дејствија (врз основа на член 84 став 8 од Законот за извршување), И. бр. 337/24 од 12.11.2024 година на извршителот Васко Блажевски, Извештај за извршена процена на недвижен имот бр. 1119/24 од 15.11.2024 година на Проценителска куќа „Шумантеви“ ДООЕЛ – Скопје и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност (врз основа на член 177 од Законот за извршување), И. бр. 337/24 од 27.11.2024 година на извршителот Васко Блажевски, во рок од 1 (еден) ден сметано од објавување на овој јавен повик во јавното гласило.

Се предупредува должникот Соња Тодорова, дека ваквиот начин на достава се смета за уреден, а штетните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Оваа јавна објава се објавува во дневниот весник „Нова Македонија“, на веб-страницата на Комората и во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Извршител,
Васко Блажевски, с.р.
(8037)

ОГЛАСИ

ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ВЕЛЕС

Врз основа на член 231 став 11, 12, 13, 14, 15 и 16, член 231-а, 231-б, 231-в, 231-г, 231-д, 231-ѓ, 231-е и 231-ж од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21/ 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Одлуката на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Велес, бр. 02-720/8 од 22.11.2022 година и согласноста на одлуката од Министерство за здравство бр. 17-4113/2 од 28.4.2023 година и Одлуката на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом - Велес, бр.02-566/8 од 6.12.2024 година и согласноста на одлуката од Министерство за здравство бр. 09-851/1 од 21.1.2025 година, Комисијата за јавно наддавање на ЈЗУ Здравствен дом - Велес, објавува

О Г Л А С
ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ПРОСТОР И ОПРЕМА ВО ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ВЕЛЕС СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

1. ЗАКУПОДАВЕЦ: ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ВЕЛЕС

2. ПРЕДМЕТ НА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП:

2.1 Предмет на издавање под закуп е просторот во ординации по општа стоматологија на ЈЗУ Здравствен дом - Велес, заради вршење на здравствена дејност, наведен во табелата што следи, со почетна цена на закупнина без ДДВ (колона 5), и тоа:

1	2	3	4	5	6
Реден број	Предмет на издавање под закуп	Локација	Простор	Почетна цена на закупнина (денари)	Висина на депозит (денари)
1.	Ординација по општа стоматологија, ЈЗУ Здравствен дом - Велес	Велес, ул.Архиепископ Михаил бр.59 Велес	Ординација 16 м² и заеднички простор и чекална 12 м²	3120,00 денари	37.440,00 денари
2.	Ординација по општа стоматологија, ЈЗУ Здравствен дом - Велес	Општина Чашка, ул.Тодор Јанев бр.3 Чашка	Ординација 16 м² и заеднички простор и чекална 12 м²	1560,00 денари	18.720,00 денари
3.	Ординација по општа стоматологија, ЈЗУ Здравствен дом - Велес	Велес, ул.Шефки Сали бр.5 Велес	Ординација 20 м² и заеднички простор и чекална 12 м²	4800 денари	57.600,00 денари
4.	Ординација по општа стоматологија, ЈЗУ Здравствен дом -Велес	Велес, ул.Лазо Осмаков бр.14 Велес	Ординација 28 м² и заеднички простор и чекална 12 м²	6000 денари	72.000,00 денари
5.	Ординација по општа стоматологија, ЈЗУ Здравствен дом - Велес	Општина Градско, ул.8-ми Ноември бр.1 Градско	Ординација 16 м² и заеднички простор и чекална 12 м²	2100 денари	25.200,00 денари

2.2 Просторот предмет на издавање под закуп со јавно наддавање, може да се види со претходна најава и во присуство на претставник од Комисијата за спроведување на постапката, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот.

2.3 Услови за давање под закуп: Просторот предмет на издавање под закуп назначен во точка 2.1 се издава под следните услови:

- Намената на просторот е за вршење на соодветната здравствена дејност наведена во огласот;
- Закупецот не може да ја промени дејноста за која се издава закупот, не може да го издава просторот во подзакуп и не може да припојува други соосновачи;
- Трошоците за инвестиции паѓаат на товар на закупецот и кон истите може да се пристапи по претходно писмено одобрение од здравствениот дом;
- Во случај на дефект во просторот издаден под закуп, трошоците за отстранување на дефектот ќе ги сноси закупецот на просторот каде што е дефектот;
- Закупецот се обврзува плаќањето на закупнината да биде месечно по добивањето на фактура од здравствениот дом за тековниот месец, најдоцна до 15-ти наредниот месец.
- Цената на закупнината е постигнатата цена на јавното наддавање, зголемена со ДДВ, во периодот кога закуподавачот е даночен обврзник.
- Во случај на згаснување на здравствената установа или неможност за подмирување на закупнината и комуналиите, обврските ги презема основачот на ПЗУ.

3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

3.1 Право на учество на јавното наддавање имаат:

- Физички лица - доктори по општа стоматологија кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за здравствената заштита и кои имаат лиценца за работа; и
- Правни лица - приватни здравствени установи основани и регистрирани за вршење на здравствена дејност од содветната област.

3.2Депозит - Право на учество на јавното наддавање имаат само лицата кои ќе достават доказ-уплатница дека пет дена пред одржувањето на јавното наддавање уплатиле депозит за учество на наддавање во висина на износот наведен во колона 6 на табелата од точка 2.1 на трезорската сметка на ФЗОМ и тоа: Банка на примачот: НБРМ, Сметка: 100 000000066005, Сметка на корисник: 6602901901 531 89, Приходна шифра и програма 723911 00, со цел на дознака депозит за учество на јавното наддавање за закуп на простор под реден број ___- ординација по _____

3.3 Лицата кои не извршиле навремена уплатата и не доставиле навремена и комплетна пријава, немаат право на учество во јавното наддавање.

3.4 Уплатениот паричен депозит од најповолниот наддавач се засметува во постигнатиот износ на закупнината.

4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

4.1 Заинтересираните лица треба да поднесат Пријава за учество на јавното наддавање, во затворен плик со назнака за јавно наддавање за закуп на простор, во Архивата на ЈЗУ Здравствен дом - Велес, на ул.„Шефки Сали“ бр.5 Велес. Образецот на пријава може да се подигне од Архивата на ЈЗУ секој работен ден од 8:00 часот до 14:00 часот.

Со пријавата заинтересираните лица треба да достават:

ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

- Доказ за уплатен депозит;
- Изјава дека ги прифаќаат условите од точка 2.3 на Огласот;
- Доказ за завршено образование (оригинал или копија заверена на нотар);
- Лиценца за работа (оригинал или копија заверена на нотар);
- Уредно полномошно за застапување во случај на учество преку полномошник.

ЗА ПРАВНИ ЛИЦА

- Доказ за уплатен депозит;
- Изјава дека ги прифаќаат условите од точка 2.3 на Огласот;
- Доказ за регистрација на правното лице во Централниот регистар на Република Северна Македонија (не постар од шест месеци, оригинал или копија заверена на нотар);
- Решение со кое се дава дозвола за почнување со работа на здравствената установа од Министерството за здравство на Република Северна Македонија;
- Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, односно доказ за својство на овластено одговорно лице на правното лице.

Некомплетните пријави ќе бидат одбиени, односно нема да бидат предмет на понатамошно разгледување.

Пријавите за учество треба да се достават најдоцна до рокот предвиден за јавно наддавање, 5.3.2025 година во 15:00 часот.

5. ДЕН, ЧАС И МЕСТО НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Усното јавно наддавање ќе се одржи во просториите на ЈЗУ Здравствен дом Велес, ул. „Шефки Сали“ бр. 5 Велес, Уред-3 кат:

- на ден 5.3.2025 година во 15:00 часот.

6. ПОСТАПКА ЗА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

6.1 Постапката за јавно наддавање ја спроведува Комисија за јавно наддавање на ЈЗУ Здравствен дом - Велес. На денот на јавното наддавање, можат да учествуваат само лицата кои ги исполнуваат условите од Огласот и на чие име гласи уплатениот депозит, односно физички лица и овластено лице на ПЗУ. Учесниците својот легитимитет за учество во наддавањето го потврдуваат со важечка лична исправа и уредно полномошно за полномошниците.

6.2 Јавното наддавање започнува со јавно соопштување на почетната цена утврдена во колона 5 на табелата од точка 2 од Огласот.

6.3 Наддавањето се врши „чекорно” со зголемување на вредноста со секој чекор, за износ не помал од 100 денари.

6.4 Учесникот во наддавањето кој понудил највисока цена која и по три пати соопштена не е наддадена од друг учесник, се стекнува со статус најповолен наддавач.

6.5 Со статус на најповолен понудувач може да се стекне и учесник кој на јавното наддавање се јавил како единствен наддавач, кој ги исполнил и прифаќа условите од огласот и ја наддаде почетната цена најмалку за еден чекор. Уплатениот паричен депозит за јавно наддавање од најповолниот наддавач, по склучување на договорот за закуп се засметува во закупнина.

6.6 Со најповолниот понудувач, ЈЗУ Здравствен дом - Велес ќе склучи договор за закуп на просторот - предмет на јавното наддавање. Со договорот за закуп поблиску ќе се определат правата и обврските од закупениот однос. На договорот за закуп соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

6.7 На учесниците на наддавањето што не добиле статус на најповолни наддавачи, средствата уплатени како депозит ќе им бидат вратени во рок од 8 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

6.8 Доколку најповолниот наддавач во рок од 15 дена од доставувањето на договорот за закуп, не го склучи договорот за закуп, уплатените паричните средства на име депозит за учество не му се враќаат. Во овој случај со статус на најповолен наддавач ќе се стекне учесникот кој по редослед е следнорангиран наддавач, што ги исполнува условите од огласот и ја наддал почетната цена на јавното наддавање и со истиот ќе се пристапи кон склучување на договор за закуп.

6.9 Со склучувањето на Договорот за закуп на простор склучен помеѓу ЈЗУ Здравствен дом - Велес, физичкото или правното лице, избрано за најповолен понудувач согласно спроведената постапка, не се стекнува по автоматизам и со лиценца за вршење на дејност во мрежата на здравствени установи.

Склучувањето на договор за лиценца за вршење дејност во мрежата на здравствени установи се стекнува исклучиво по спроведена постапка што се води во Министерството за здравство согласно Законот за здравствената заштита и според потребите за вршење на здравствена дејност утврдени во Уредбата за мрежата на здравствени установи.

Согласно со претходното, лицето кое се стекнало со статус на најповолен понудувач и кое склучило договор за закуп може да врши здравствена дејност во просторот издаден под закуп, само доколку ПЗУ основана по основ на закуп склучи договор за лиценца за вршење здравствен дејност во мрежата на здравствени установи со Министерство за здравство, добие дозвола за работа од Министерство за здравство и склучи договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

6.10 Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање, во рок од три дена од оддржување на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од пет дена од приемот на приговорот. Против решението на комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за оддлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

6.11 Огласот ќе биде објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на огласната табла во ЈЗУ Здравствен дом - Велес.

6.12 Подетални информации и увид на предметот на јавното наддавање со претходна најава може да се добијат на тел. 043 225 308.

Комисија за спроведување на јавно наддавање

ОПШТИНА НЕГОТИНО

ОБЈАВА 01/2025
ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ВО ОПШТИНА НЕГОТИНО

ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање е градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, предвидено со:

1. Детален урбанистички план – Урбана заедница 5, Урбан блок 5.1 – Неготино донесен со одлука бр. 07-206/8 од 27.4.2012 година, за изградба на објекти со намена А1 – домување во станбени куќи, согласно Табеларен преглед 1, во кој се дадени податоци за градежната парцела, број на катастарски парцели опфатени со градежната парцела, намена на градба, максимална висина до венец, катност, процент на изграденост, коефициент на искористеност, вкупна површина на градежната парцела, површина за градење, почетна цена по м2, вкупна почетна цена и банкарска гаранција за сериозност на понудата.

2. Детален урбанистички план за У35 дел од блок 17 помеѓу улиците „Фемо Кулаков’’, „8ми Ноември’’ и „Владо Арсов Шпанац’’ донесен со одлука бр.08-412/6 од 12.4.2024, за изградба на објекти со намена А2 – домување во станбени згради, согласно Табеларен преглед 2, во кој се дадени податоци за градежната парцела, број на катастарски парцели опфатени со градежната парцела, намена на градба, максимална висина до венец, катност, процент на изграденост, коефициент на искористеност, вкупна површина на градежната парцела, површина за градење, почетна цена по м2, вкупна почетна цена и банкарска гаранција за сериозност на понуда.

Табеларен преглед: 1

Број на градежна парцела	Основна класа на намена	Компатибилна класа на намена	Број на катастарска парцела (КО Неготино)	Површина на градежна парцела (м2)	Површина за градба (м2)	Катност	Максимална висина до венец (м)	Бруто развиена површина за градба (м2)	Коефициент на искористеност	Процент на изграденост (%)	Почетна утврдена цена по м2 (денари)	Вкупна почетна цена (денари)	Банкарска гаранција за сериозност на понудата (денари)
38	А 1 – домување во станбени куќи	Б1, В1 (мах 30 %)	дел од КП бр.11258/1 и 11687/1	426	153	П+2+Пк	10,20	612	1,44	36	61,00	25.986,00	77.958,00
1.11	А 1 – домување во станбени куќи	Б1, В1 (мах 30 %)	дел од КП 11695/1 и дел од 11700/1	371	172	П+2+Пк	10,20	688	1,85	46,36	61,00	22.631,00	67.893,00

Табеларен преглед: 2

Број на градежна парцела	Основна класа на намена	Компатибилна класа на намена	Број на катастарска парцела (КО Неготино)	Површина на градежна парцела (м2)	Површина за градба (м2)	Катност	Максимална висина до венец (м)	Бруто развиена површина за градба (м2)	Коефициент на искористеност	Процент на изграденост (%)	Почетна утврдена цена по м2 (денари)	Вкупна почетна цена (денари)	Банкарска гаранција за сериозност на понудата (денари)
1	А 2 – домување во станбени згради	Б1, Б2, Б3 (40%)	КП бр.11365/1 11319/2 11332/4 и 11243/3	4363	1492	П+4	15	7018	5250	1,61	34	680,00	2.966.840,00	2.966.840,00
					1050								
					442	П+3	12		1768				

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавното наддавање имаат:

1. Физички лица: државјани на Република Северна Македонија, државјани на држави членки на Европската Унија и на ОЕЦД, како и државјани на држави кои не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД, а под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Северна Македонија.

2. Правни лица: домашно правно лице, правно лице во мешовита сопственост, правно лице основано од странско физичко и правно лице, регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија, странски правни лица резиденти на држави членки на Европската Унија и на ОЕЦД, како и странски правни лица резиденти на држави кои не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД а кои под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Северна Македонија.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање по електронски пат преку информацискиот систем поставен на интернет страницата www.gradezno-zemjiste.mk, со пополнување на електронски образец кој го потпишува со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач за секоја градежна парцела поединечно, во која е наведено за која парцела се однесува самата пријава и кои документи се составен дел на пријавата, комплетирана со следните докази (приложени во електронска форма, скенирани во оригинал или фотокопии заверени на нотар и потпишани со дигитален потпис):

1. Пријава од подносителот, во која се наведени податоци за која градежната парцела се однесува истата и за подносителот на пријавата, како и што се доставува во прилог на пријавата (кои документи) потпишана со дигитален потпис;

2. Банкарска гаранција за сериозност на понудата за секоја градежна парцела посебно утврдена согласно табеларните прегледи дадени во оваа објава со рок на важност до 19.9.2025 година, со која понудувачот ќе гарантира дека доколку добие статус на најповолен понудувач ќе ја уплати крајно постигнатата цена за отуѓување на градежното земјиште на електронското јавно наддавање во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор на најповолен понудувач;

Подносителот на пријавата има обврска банкарската гаранција покрај електронската форма прикачена во системот, истата во оригинал да ја достави до Општина Неготино, во рокот определен за поднесување на пријавата за табеларен преглед 1 и 2 заклучно со 17.3.2025 година до 15:00 часот во архива на Општина Неготино;

3. За физичките лица уверение за државјанство;

4. За правните лица доказ за регистрација на правното лице од соодветен регистар, не постар од 6 месеци;

5. Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, заверено на нотар, односно доказ за својството овластено одговорно лице на правното лице;

6. e-mail адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничко име и шифра за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање (за подносителите на пријави кои ќе доставаат погрешна е-маил адреса, Општина Неготино нема обврска да прима и врши корекции на истата);

7. Изјава за прифаќање на условите во објавата за секоја градежна парцела посебно заверена на нотар;

Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на електронското јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени.

Подносителите на пријави задолжително треба да имаат електронски дигитален сертификат (потпис) за да можат да поднесат пријава за учество на јавното наддавање.

Доколку учесникот е заинтересиран за повеќе од една градежна парцела, се пополнува поединечна пријава за секоја градежна парцела, за што се доставува и посебна банкарска гаранција за сериозност на понудата.

ПОЧЕТНА ЦЕНА

Почетна цена на електронското јавно наддавање за градежната парцела наведена во Табеларниот преглед 1 изнесува 61 денар од метар квадратен.

Почетна цена на електронското јавно наддавање за градежната парцела наведена во Табеларниот преглед 2 изнесува 680,оо денари од метар квадратен.

БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

Банкарска гаранција за сериозност на понудата за секоја градежна парцела посебно е утврдена согласно Табеларниот преглед 1 и изнесува 300%, Табеларен преглед 2 и изнесува 100% од вкупната почетна цена за секоја градежна парцела посебно и истата да се достави во оригинал во рокот определен за поднесување на пријавата заклучно со табеларен преглед 1 и 2 заклучно со 17.3.2025 година до 15:00 часот во архива на Општина Неготино.

РОКОВИ

Пријавите за учество на јавното наддавање за градежната парцела од Табеларен преглед 1 можат да се достават до 17.3.2025 година, електронски на следната интернет адреса: www.gradezno-zemjiste.mк.

Пријавите за учество на јавното наддавање за градежната парцела од Табеларен преглед 2 можат да се достават до 17.3.2025 година, електронски на следната интернет адреса: www.gradezno-zemjiste.mk.

Јавното наддавање ќе се оддржи електронски на следната интернет страна www.gradezno-zemjiste.mk.

Јавното наддавање за ГП 38 од Табеларен преглед 1 ќе започне на 19.3.2025 година, во 10:00 часот и истото ќе трае 30 минути.

Јавното наддавање за ГП 1.11 од Табеларен преглед 1 ќе започне на 19.3.2025 година, во 10:30 часот и истото ќе трае 30 минути.

Јавното наддавање за ГП 1 од Табеларен преглед 2 ќе започне на 19.3.2025 година, во 11:00 часот и истото ќе трае 30 минути.

ПОСТАПКА

1. Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од 24 часа по истекувањето на рокот за поднесување на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува и корисничко име и лозинка за учество на електронското јавно наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

2. На денот на одржување на електроското јавно наддавање учесниците пристапуваат на интернет страницата со корисничкото име и лозинка која ја добиле на e-mail адресата, доставена во прилог на пријавата за учество на јавното наддавање.

3. Електронското јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата аплицира и само еден учесник за секоја градежна парцела посебно, кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја наддаде почетната цена.

4. Електронското јавното наддавање го следи Комисија, формирана од Градоначалникот на Општина Неготино.

5. Електронското јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена на земјиштето по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците во наддавањето.

6. Наддавањето за градежната парцела од Табеларен преглед 1 се врши „чекорно“ со зголемување на вредноста со секој „чекор“ не помалку од 10 денари.

Наддавањето за градежната парцела од Табеларен преглед 2 се врши „чекорно“ со зголемување на вредноста со секој „чекор“ не помалку од 68 денари.

7. Електронското јавно наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во оваа објава, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање, од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

8. Учесникот на јавното наддавање кој понудил најголема цена се стекнува со статусот најповолен понудувач.

9. Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

10. По завршување на постапката за јавно наддавање, Комисијата е должна во рок од три работни дена да достави барање за мислење до Државното правобранителство на Република Северна Македонија по однос на нацрт-текст на договорот за оттуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија. Државното правобранителство на Република Северна Македонија е должно да достави мислење по однос на нацрт-текстот на договорот за оттуѓување во рок од 30 дена од добивање на барањето за мислење. Доколку во рок од 30 дена Државното правобранителство на Република Северна Македонија не достави мислење, ќе се смета за позитивно.

11. По прибавување на позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Комисијата во рок од три работни дена до најповолниот понудувач доставува известување за избор на најповолниот понудувач.

12. Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од добивање на известувањето за избор на најповолен понудувач да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето и трошоците на постапката во износ од 10% од вредноста на банкарската гаранција за сериозност на понудата но не повеќе од 15.000 денари и до Комисијата да достави доказ за извршената уплата со целокупната документација потребна за учество на јавното наддавање (во оригинал или копија заверена на нотар).

13. Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средства и не достави до Комисијата доказ за извршена уплата со целокупната документација потребна за учество на јавното наддавање во утврдениот рок, нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе се активира и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела.

14. Доколку најповолниот понудувач ги уплати средствата во утврдениот рок, а врз основа на доставената документација неможе да се склучи договор, средствата не му се враќаат, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и нема да се пристапи кон склучување на договор.

15. По доставувањето на доказ за извршена уплата и доставувањето на целокупната документација потребна за учество на јавното наддавање, во рок од пет работни дена Градоначалникот на Општина Неготино во име на Република Северна Македонија склучува договор за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија. Договорот се склучува во електронска форма преку информацискиот систем за градежно земјиште.

16. По склучување на договорот Општина Неготино во рок од еден ден електронски го доставува договорот за утврдување на данокот на промет на недвижности. Купувачот е должен во рок од 15 дена од добивање на решението за утврдување на данокот на промет на недвижности да го плати данокот и да достави доказ за извршена уплата.

17. По доставување на доказ за извршена уплата на данок на промет на недвижности, купувачот во рок од 30 дена договорот електронски го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација. Купувачот е должен солемнизацијата да ја изврши во рок од 30 дена од доставувањето на договорот кај надлежен нотар.

18. Доколку купувачот по своја вина во утврдениот рок од еден ден не го достави договорот за утврдување на данокот на промет на недвижности до Општина Неготино, како и по своја вина не го плати данокот на промет во утврдениот рок од 15 дена, и не го достави истиот на солемнизација кај надлежен нотар во рок од 30 дена и не изврши солемнизација на договорот во рок од 30 дена, истиот едностранo ќе се раскине и 80% од вкупната сума од отуѓувањето нема да се вратат на купувачот.

19. Со договорот купувачот се обврзува во рок од 9 месеци од извршената солемнизација на договорот да прибави одобрение за градба на предвидените објекти согласно урбанистичкиот план по кој земјиштето е отуѓено, за градежните парцели со површина до 5000 м2 односно во рок од 12 месеци од солемнизација на договорот за градежни парцели над 5000 м2, и е должен да го изгради објектот согласно урбанистички план по кој земјиштето е отуѓено, во рок согласно со одредбите од Законот за градење, а согласно со категоризацијата на градба.

